# ГЛАСИЛО
# GAZETË

ЗЕЛС
BNJVL

ЈАНУАРИ / МАРТ 2020
JANAR / MARS 2020





Почитувани,

Во првиот квартал од 2020 година активностите на ЗЕЛС не беа реализирани со посакуваната динамика. Состојбите поврзани со изборните процеси во земјава вообичаено предизвикуваат одредено влијанија врз работењето на институциите на централно, но и на локално ниво, а сериозен предизвик уште на почетокот на месец март претставуваше и појавата на вирусот COVID 19.

Сепак, ЗЕЛС во првите три месеци реализира повеќе активности кои ќе бидат изнесени во ова издание на Гласилото на ЗЕЛС. Беше дефиниран и ставен во функција Планот за обуки на ЗЕЛС за 2020 година. Тој се подготвуваше во консултација со општините, за што беше свикана и работилница во ЗЕЛС на која беа поканети претседателите на професионалните мрежи во ЗЕЛС и претставници од одделенијата за човечки ресурси од општините.

ЗЕЛС во своите простории организираше и информативна средба за заинтересираните општини на која тие беа запознаени со сите програмски и технички прашања поврзани со учеството на меѓународниот саем „Дубаи Експо 2020/21" што ќе се одржи од 20 октомври 2020 до 10 април 2021 година. Сепак, поради ситуацијата со вирусот COVID19, на светско ниво, на почетокот на месец март стигна информација од Координативното тело на Владата на РСМ дека поаѓањето на бесплатниот контејнер за транспорт на материјалите од нашата земја до Дубаи, засега е одложено за крајот на мај.

Во месец февруари, ЗЕЛС и Министерството за транспорт и врски (МТВ) организираа нов циклус на обуки за стекнување со лиценца за водење на постапка за отуѓување и давање под закуп на државно градежно, а беше реализирано и полагање на испитот. Ова е од особена важност, бидејќи од 1 мај, оваа година, во согласност со измените на Законот за градежно земјиште, сите единиците на локалната самоуправа се должни да ја преземат оваа надлежност.

За општинските координатори за еднакви можности помеѓу жените и мажите ЗЕЛС организираше работилница за квалитетно подготвување на извештајот за напредокот на родовата еднаквост во општината, што во согласност со законските обврски треба да биде доставен најдоцна до 31 март, во тековната година. Во овој период, ЗЕЛС одржа и координативен состанок со претставници од меѓународните организации во нашата земја кои работат на унапредување на родовата еднаквост на локално ниво, во насока на заедничко креирање на активности од оваа област и заради одбегнување на нивно преклопување .

Со почит,
Душица Перишиќ
Извршен директор на ЗЕЛС

Të nderuar,

Në tremujorin e parë të vitit 2020, aktivitetet e BNJVL-së nuk u realizuan me dinamikën e dëshiruar. Gjendjet të lidhura me proceset zgjedhore në vend zakonisht shkaktojnë ndikim të caktuar ndaj operimit të institucioneve në nivel qendror, por edhe atë lokal, ndërsa sfidë serioze që në fillimin e muajit mars ishte edhe paraqitja e virusit COVID 19.

Megjithatë, BNJVL-ja në tre muajt e parë realizoi më shumë aktivitete që do të prezantohen në këtë botim të Gazetës së BNJVL-së. U definua dhe u vu në funksion Plani i trajnimeve i BNJVL-së për vitin 2020. Ai përgatitej në konsultim me komunat dhe për këtë gjë u organizua edhe një punëtori në BNJVL, në të cilën u ftuan kryetarët e rrjeteve profesionale të BNJVL-së dhe përfaqësuesit e departamenteve për resurse njerëzore të komunave.

BNJVL-ja në hapësirat e saja organizoi edhe një takim informativ për komunat e interesuara në të cilin u informuan për të gjitha çështjet programore dhe teknike të lidhura me pjesëmarrjen në panairin ndërkombëtar "Dubai Ekspo 2020/21" që do të mbahet nga 20 tetori 2020 deri më 10 prill 2021. Megjithatë, për shkak të situatës me virusin COVID 19 në nivel botëror, në fillim të muajit mars erdhi informacioni nga Trupi koordinues i Qeverisë së RMV-së se nisja e kontejnerit falas për transport të materialeve nga vendi ynë për në Dubai është prolonguar për fundin e muajit maj.

Në muajin shkurt, BNJVL-ja dhe Ministria e Transportit dhe Lidhjeve (MTL) hapën një cikël të ri trajnimesh për fitimin e licencës për udhëheqjen e procedurës për tjetërsim dhe dhënie me qira të tokës shtetërore, ndërsa u realizua edhe provimi. Kjo ka një rëndësi të madhe sepse nga 1 maji i këtij viti, në përputhje me ndryshimet e Ligjit për tokën ndërtimore, të gjitha njësitë e vetëqeverisjes lokale janë të obliguara që ta ndërmarrin këtë kompetencë.

Për koordinatorët komunalë për mundësi të barabarta midis femrave dhe meshkujve, BNJVL-ja organizoi një punëtori për përgatitje cilësore të raportit për progresin e barazisë gjinore në komunë, që në përputhje me obligimet ligjore duhet të dërgohet më së voni deri më 31 mars, në vitin aktual. Në këtë periudhë, BNJVL-ja mbajti edhe një takim koordinues me përfaqësuesit e organizatave ndërkombëtare në vendin tonë që punojnë për avancim të barazisë gjinore në nivel lokal, në drejtim të krijimit të përbashkët të aktiviteteve të kësaj sfere dhe për shkak të shmangies së përputhjes së të njëjtave.

Me respekt,
Dushica Perishiq
Drejtor ekzekutiv i BNJVL-së


**ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
тел. +389 (0) 2 30 99 033, факс: +389 (0) 2 30 61 994
ул. Копенхагенска бр. 5, п.фах 32,
1000 Скопје, Република Северна Македонија
**Извршен директор на ЗЕЛС:**
Душица Перишиќ
**Заменик извршен директор на ЗЕЛС:**
Ардита Дема-Мехмети
**Подготвила:**
Весна Арсовска-Динковска
**Превод:** Славе Чорбев
**Лекторирал:** Момент мал ДООЕЛ,Скопје
**Дизајн и подготовка:** СОФИЈА ПРИНТ Богданци
**Печатење:** СОФИЈА ПРИНТ Богданци

**BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**
tel. +389 (0) 2 30 99 033, faks: +389 (0)2 30 61 994
rr. „ Kopenhagenska" nr. 5, F.P. 32,
1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
**Drejtor ekzekutiv i BNJVL-së:**
Dushica Perishiq
**Zëvendes drejtor ekzekutiv i BNJVL-së:**
Ardita Dema - Mehmeti
**Përgatiti:**
Vesna Arsovska - Dinkovska
**Përkthim:** Sllave Çorbev
**Lektoron:** Moment Mal SHPKNJP, Shkup
**Dizajnim dhe përgatitje:** SOFIJA PRINT Bogdanci
**Shtyp:** SOFIJA PRINT Bogdanci

## ЗАИНТЕРЕСИРАНИТЕ ОПШТИНИ ЗА УЧЕСТВО НА „ДУБАИ ЕКСПО 2020/21" ИНФОРМИРАНИ ЗА ПРОГРАМСКИТЕ И ТЕХНИЧКИТЕ ПРАШАЊА

Меѓународната саемската манифестација „ДУБАИ ЕКСПО 2020/21" ќе се одржи од 20 октомври 2020 до 10 април 2021 година. Со поддршка на Амбасадата на Обединетите Арапски Емирати (ОАЕ) за Република Северна Македонија обезбедено е бесплатно користење на простор за штанд (павилјон) од 385 $м^2$, а утврдени се и други бесплатни услуги. По тој повод, на 21 јануари 2020 година, ЗЕЛС организираше заедничкиот состанок со претставници од Координативното тело на Владата на РСМ кое е одговорно за учество на нашата земја на оваа саемска манифестација (**Ксенија Николова** (ksenija.nikolova@gs.gov.mk) и **Бекри Ајдини** од МНР (bekri.ajdini@mfa.gov.mk) на кој беа повикани и претставниците од сите општини што се заинтересирани да учествуваат на оваа манифестација.

Присутните беа информирани за сите програмски и технички прашања за учество на општината на „ДУБАИ ЕКСПО 2020/21". Беше посочено дека целта е да имаме што поголемо учество на делегации од нашата земја кои ќе имаат можност да ги претстават своите бизнис потенцијали, уникатни производи, технологии, занаетчиски производи, органски производи, туристички, природни и културни знаменитости и слично. Учесниците во Дубаи ќе имаат и голема поддршка од постојано присутните претставници од Владата при организирање на состаноци, презентации, коктели и слично. Беше посочено дека „ДУБАИ ЕКСПО 2020/21" ќе постави и апликација „match-making" на која ќе бидат поставени сите учесници и секој ќе може претходно да си договори средба. Доколку некоја општина нема можност да биде „директно" присутна, може да испрати една или повеќе презентации кои ќе бидат претставувани на „видео бимовите" поставени на павилјонот на нашата земја.

Беше посочено дека организаторот на саемот има утврдено шестмесечен „календар" со програмски активности (ЗЕЛС го испрати до општините по електронски пат). Тоа ќе им помогне на општините да го утврдат и временскиот период за нивното учество на саемот, односно да видат во кој период од „календарот" е утврдена областа во која тие сакаат да се претстават: клима, урбан развој, земјоделие, туризам и слично. Една општина може да прати и повеќе делегации, во различен временски период, во зависност од темата на интерес, што во тој период е опфатена на саемот. Беше препорачано презентирањето во најголем процент да биде низ дигитална призма, бидејќи на павилјонот има поставено поголем број „видео бимови" на кои бесплатно ќе може да се вртат презентациите. Доколку општината има друг вид на материјали кои ќе сака да ги презентира или да ги подарува, има можност истите да ги транспортира бесплатно, со контејнер, при што треба задолжително да достави „план за спецификација за производите" до претставниците на Координативното тело, каде се врши и пријавувањето. Пренос на алкохол и цигари не е дозволен со контејнерот, туку индивидуално со авион, а не е обезбедено ниту осигурување за вредните

## INFORMIM I KOMUNAVE TË INTERESUARA PËR TË MARRË PJESË NË "DUBAI – EKSPO 2020/21" PËR ÇËSHTJET PROGRAMORE DHE TEKNIKE

Manifestimi ndërkombëtar i panairit "DUBAI – EKSPO 2020/21" do të mbahet nga 20 tetori 2020 deri më 10 prill 2021. Me mbështetjen e Ambasadës së Emirateve të Bashkuara Arabe (EBA) për Republikën e Maqedonisë së Veriut është siguruar përdorim falas i hapësirës për stendë (pavijon) prej 385 $m^2$, ndërsa janë përcaktuar edhe shërbime të tjera falas. Me këtë rast, më 21 janar 2020, BNJVL-ja organizoi takim të përbashkët me përfaqësues të Trupit koordinues të Qeverisë së RMV-së që është përgjegjës për pjesëmarrjen e vendit tonë në këtë manifestim të panairit (**Ksenija Nikollova** - ksenija.nikolova@gs.gov.mk) dhe **Bekri Ajdini** nga MPJ-ja (bekri.ajdini@mfa.gov.mk), në të cilin u ftuan edhe përfaqësues të të gjitha komunave që janë të interesuara për të marrë pjesë në këtë manifestim.

Të pranishmit u informuan për të gjitha çështjet programore dhe teknike për pjesëmarrjen e komunës në "DUBAI – EKSPO 2020/21". U theksua se qëllimi është të kemi pjesëmarrje sa më të madhe të delegacioneve nga vendi ynë të cilat do të kenë mundësi t'i prezantojnë potencialet e tyre të biznesit, produktet unike, teknologjitë, produktet artizanale, produktet organike, destinacionet turistike, monumentet natyrore dhe kulturore dhe e ngjashme. Pjesëmarrësit në Dubai do të kenë mbështetje të madhe nga përfaqësuesit vazhdimisht të pranishëm të Qeverisë gjatë organizimit të mbledhjeve, prezantimeve, koktejeve etj. U theksua se "DUBAI – EKSPO 2020/21" do ta vendosë edhe aplikacionin "match-making" në të cilin do të vendosen të gjithë pjesëmarrësit dhe secili do të ketë mundësi paraprakisht të caktojë takim. Nëse ndonjë komunë nuk ka mundësi të jetë e pranishme "drejtpërdrejt", mund të dërgojë një ose më shumë prezantime të cilat do të prezantohen në "video ekranet" të vendosura në pavijonin e vendit tonë.

U theksua se organizatori i panairit ka përcaktuar "kalendar" gjashtëmujor me aktivitete programore (BNJVL-ja ua dërgoi komunave me postë elektronike). Kjo gjë do t'i ndihmojë komunat për ta përcaktuar edhe periudhën kohore të pjesëmarrjes së tyre në panair, gjegjësisht të shohin se në cilën periudhë të "kalendarit" është përcaktuar sfera në të cilën ata dëshirojnë të prezantohen: klima, zhvillimi urban, bujqësia, turizmi etj. Një komunë mund të dërgojë më shumë delegacione, në periudhë të ndryshme kohore, varësisht nga tema e interesit, e cila është përfshirë në atë periudhë në panair. U rekomandua që prezantimi në përqindje më të madhe të realizohet nëpër një prizmi digjital, sepse në pavijon janë vendosur më shumë "video ekrane" në të cilat do të mund të prezantohen prezantimet falas. Nëse komuna ka një tjetër lloj materialesh të cilat do të mund t'i prezantojë ose t'i dhurojë, ka mundësi t'i transportojë ato falas, me kontejner, kështu që duhet domosdoshmërish të dërgojë një "plan për specifikim të produkteve" deri te përfaqësuesit e Trupit koordinues, ku bëhet paraqitja. Transporti i alkoolit dhe cigareve nuk lejohet me kontejnerin, por individualisht me avion, e nuk është siguruar as sigurimi i sendeve të vlefshme që do të

предмети кои ќе се транспортираат и тоа се прави на сопствен трошок. Алкохолот ќе може да се презентира и продава под одредени услови, утврдени од организаторот. Беше посочено дека се преговара околу можноста општинските делегации да добијат бесплатна виза за Обединетите Арапски Емирати (ОАЕ), како и бесплатни влезници за саемската манифестација. Авионските билети и хотелското сместување е на трошок на општината. Стручната служба на ЗЕЛС направи истражување за цените на авионските летови и на хотелите и го достави до општините. Саемскиот комплекс е на 30 км од Дубаи, но се гради метро кое од центарот на Дубаи директно ќе биде поврзано со саемската локација. Повеќе за настанот има информации на веб-страницата на „Дубаи Експо 2020" https://www.expo2020dubai.com/en и https://www.expo2020dubai.com/en/programmes/expo-live/iigp.

transportohen dhe kjo gjë bëhet me shpenzime të veta. Alkooli do të mund të prezantohet dhe të shitet me kushte të caktuara, të përcaktuara nga organizatori. U theksua se negociohet për mundësinë që delegacionet e komunave të fitojnë vizë falas për Emiratet e Bashkuara Arabe (EBA), si dhe për biletat falas hyrëse për manifestimin e panairit. Biletat e aeroplanit dhe akomodimin në hotel do t'i paguajë komuna. Shërbimi profesional i BNJVL-së bëri hulumtim të çmimeve të fluturimeve të aeroplanëve dhe të hoteleve dhe dërgoi atë deri te komunat. Kompleksi i panairit është larguar 30 km nga Dubai, por ndërtohet metro e cila do të lidhet drejtpërdrejt nga qendra e Dubait me lokacionin e panairit. Më shumë për ngjarjen mund të gjenden informacione në faqen e internetit të manifestimit "DUBAI EKSPO 2020" https://www.expo2020dubai.com/en dhe https://www.expo2020dubai.com/en/programmes/expo-live/iigp.

## Поаѓањето на бесплатниот контејнер одложено за крајот на мај

„Рокот на поаѓање на бесплатниот контејнер кој треба да патува од Република Северна Македонија кон Обединетите Арапски Емирати за „ДУБАИ- ЕКСПО 2020/21" **е пролонгиран до крајот на месец мај 2020 година**, наместо како што беше утврдено, до крајот на март 2020 година, поради ситуацијата со вирусот COVID19, на светско ниво", информираа од Координативното тело на Владата на РСМ, одговорно за учество на нашата земја на оваа саемска манифестација. Беше посочено дека сите ,пријавени учесници треба да работат во насока на прибирање на нивните материјали за контејнерот во согласност со новиот рок, но треба да се има предвид дека "Shipment Transportation Plan" треба да се достави кај организаторите најдоцна 45 дена пред поаѓање на контејнерот од Скопје, затоа пријавените учесници кои сè уште не доставиле спецификации, тоа треба да го направат што е можно побрзо.

## Nisja e kontejnerit falas u prolongua për fundin e majit

"Afati i nisjes së kontejnerit falas i cili duhet të udhëtojë nga Republika e Maqedonisë së Veriut për në Emiratet e Bashkuara Arabe për "DUBAI – EKSPO 2020/21" **u prolongua deri në fundin e muajit maj 2020,** në vend siç ishte e përcaktuar, deri në fund të muajit mars të vitit 2020, për shkak të situatës me virusin COVID 19 në nivel botëror, informuan nga Trupi koordinues i Qeverisë së RMV-së, përgjegjës për pjesëmarrjen e vendit tonë në këtë manifestim të panairit. U theksua se të gjithë "pjesëmarrësit e paraqitur" duhet të punojnë në drejtim të grumbullimit të materialeve të tyre për kontejnerin konform afatit të ri, por duhet të merret parasysh se "Shipment Transportation Plan" duhet të dërgohet deri te organizatorët më së voni 45 ditë para ardhjes së kontejnerit nga Shkupi, prandaj pjesëmarrësit e paraqitur të cilët ende nuk kanë dërguar specifikime ta bëjnë atë sa më shpejtë që është e mundur.



## РАСПРЕДЕЛЕНИ ПОСТЕРИ ЗА КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ ВО 90 СРЕДНИ УЧИЛИШТА

Во периодот од 27 јануари до 7 февруари 2020 година, екипа од Институтот за комуникациски студии (ИКС) посети деведесет средни училишта во земјава и директно им предаде еден или два научни постери на тема „Климатските промени и биолошката разновидност во Македонија". Постерите се ставени во рамка и се наменети за прикачување во училниците, по предметот биологија или во друг простор што ќе го определи училиштето.

Станува збор за активност во рамките на последната фаза од кампањата за подобра животна средина-„Не игнорирај! Реагирај!" што ја спроведува ИКС, а што ја поддржа и ЗЕЛС, во последната фаза при дистрибуцијата на постерите. Целта е да се едуцираат помладите генерации за последиците од климатските промени и притоа да се развие нивната свест за заштита на животната средина. Во третиот Национален план за климатски промени на Министерството за животна средина се предупредува дека во нашата земја се идентификувани 224 животински и 58 растителни видови кои не можат да се адаптираат на повисоките температури, почестите суши и екстремните временски настани. Зголемувањето на температурата влијае врз репродукцијата и миграцијата на растенијата и животните, врз должината на сезоната на растот на културите, како и врз појавите на болести и штетници. Затоа, во наредните децении, се очекува преместување и исчезнување на некои видови растенија и животни и нивните живеалишта. Проценките се дека ако не се преземат мерки за подобрување на наводнувањето, приносот на грозјето во Повардарјето и на јаболката во Ресен ќе се преполови до 2050 година и ќе се намали до речиси 60 проценти до 2100 година. Поради зголемување на температурата, до 2050 година се прогнозира големо намалување на распространетоста на цвијичевата качунка - планинско цвеќе кое расте единствено на Галичица, а до 2100 година џуџестиот бор на планините Јакупица и Шар Планина може целосно да исчезне. Истражувачите посочуваат дека губењето на биолошката разновидност само по себе ќе ги забрза климатските промени. Според нив, негативните ефекти врз биодиверзитетот ќе се ублажат со поодржливо користење на земјиштето, подобро управување со заштитените подрачја и водите, како и со употреба на обновливи извори на енергија. Ова се основните причини поради кои ИКС ги изработи овие научни постери, наменети за средношколците. За активностите на кампањата повеќе информации има на веб-страницата www.reagiraj.mk. Кампањата се реализира со поддршка на Британската амбасада во Скопје.




## SHPËRNDAHEN POSTERË PËR NDRYSHIMET KLIMATIKE NË 90 SHKOLLA TË MESME

Në periudhën nga 27 janari deri më 7 shkurt 2020, një ekip nga Instituti për studime komunikuese (ISK) vizitoi nëntëdhjetë shkolla të mesme në vend dhe u dha drejtpërsëdrejti një deri dy posterë shkencorë "Ndryshimet klimatike dhe llojllojshmëria biologjike në Maqedoni". Posterët janë vënë në kornizë dhe janë dedikuar për t'u varur në mësonjëtoret, nga lënda e biologjisë ose në një hapësirë tjetër që do ta përcaktojë shkolla.

Bëhet fjalë për aktivitet në kuadër të fazës së fundit të fushatës për mjedis më të mirë jetësor "Mos injoro! Reago!" të cilën e zbaton ISK-ja, ndërsa e mbështeti edhe BNJVL-ja në fazën e fundit të shpërndarjes së posterëve. Qëllimi është të edukohen gjeneratat më të reja për pasojat e ndryshimeve klimatike dhe njëkohësisht të ngrihet vetëdija e tyre për mbrojtjen e mjedisit jetësor. Në Planin e tretë nacional për ndryshime klimatike të Ministrisë së Mjedisit Jetësor paralajmërohet se në vendin tonë janë identifikuar 224 specie kafshore dhe 58 specie bimore që nuk mund t'u adaptohen temperaturave më të larta, thatësirave më të shpeshta dhe ngjarjeve ekstreme të motit. Rritja e temperaturave ndikon ndaj reproduksionit dhe migrimit të bimëve dhe kafshëve, ndaj gjatësisë së sezonit të rritjes së kulturave, si dhe ndaj paraqitjeve të sëmundjeve dhe dëmtuesve. Prandaj, në dekadat e ardhshme, pritet zhvendosje dhe zhdukje të disa specieve të bimëve dhe kafshëve dhe vendbanimeve të tyre. Vlerësimet janë se nëse nuk ndërmerren masa për përmirësim të ujitjes, rendimentit të rrushit në Luginën e Vardarit dhe të mollës në Resnjë do të shkurtohet për gjysmë deri në vitin 2050 dhe do të reduktohet gati për 60 për qind deri në vitin 2100. Për shkak të rritjes së temperaturës, deri në vitin 2050 parashihet një ulje e madhe e shpërndarjes së luleborës cviviane – lules malore që rritet vetëm në malin Galiçicë, ndërsa deri në vitin 2100 pisha e xhuxhes në malet Jakupicë dhe Sharr mund të zhduket tërësisht. Studiuesit theksojnë se humbja e llojllojshmërisë biologjike do t'i përshpejtojë vetvetiu ndryshimet klimatike. Sipas tyre, efektet negative ndaj biodiversitetit do të zbuten me shfrytëzim më të qëndrueshëm të tokës, menaxhim më të mirë të zonave të mbrojtura dhe ujërave, si dhe me përdorim të burimeve të ripërtëritshme të energjisë. Këto janë arsyet themelore për shkak të të cilave ISK-ja i ka hartuar këta posterë shkencorë, të dedikuar për nxënësit e shkollave të mesme. Për aktivitetet e fushatës më shumë informacione mund të gjenden në faqen e internetit www.reagiraj.mk. Fushata realizohet me mbështetje të Ambasadës Britanike në Shkup.

# ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА УЧЕСТВУВАШЕ ВО УТВРДУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ПЛАНОТ ЗА ОБУКИ НА ЗЕЛС ЗА 2020

Во Тренинг центарот при ЗЕЛС, на 5 февруари 2020 година беше организирана работилница за подготвување на Планот за обуки на ЗЕЛС за 2020 година. Во таа насока, ЗЕЛС покани претставници од професионалните мрежи при ЗЕЛС, меѓу кои и претседатели на мрежите, како и лица за човечки ресурси од некои општини, за да ги изнесат потребите за видот на обуки потребни за општинската администрација од соодветните области кои се во надлежност на локалната власт: финансии; управување со човечки ресурси; образование; локален економски развој – ЛЕР; урбанизам; енергетика и енергетска ефикасност; заштита на животна средина; европски прашања и фондови; ПР лица; ИТ лица; комунални редари; правници; локални инспектори за сообраќај, патишта и патен сообраќај....

## ЗЕЛС да укаже за потребата за корекција на листата на обуки на МИОА

На средбата присутните дискутираа за предизвиците со кои се соочуваат за адекватно исполнување на законските обврски за континуирана надградба на капацитетите на општинската администрација, по што следеше формирање на работни групи по области, во кои беа изнесени низа конкретни предлози за обуки што ќе бидат внесени при изработката на новиот План за обуки. Претставниците од општините посочија дека многу често се соочуваат со понуди на обуки од приватните компании кои не ги задоволуваат потребите на локалната администрација и истовремено се скапи и претставуваат голем финансиски товар за општината. Тие истакнаа дека и Министерството за информатичко општество и администрација (МИОА) веќе низа години наназад до општините испраќа иста листа за избор на обуки за општинската администрација, каде наведените обуки се многу општи, се состојат само во предавања и не ги задоволуваат потребите на вработените во општината. Беше посочено дека она што им е најпотребно на претставниците на општинската администрација се специјализирани обуки, кои треба да се реализираат со интерактивност на учесниците и предавачите, дизајнирани за потребите на локалната, а не на државната администрација и каде присутните истовремено ќе можат меѓусебно да



# ADMINISTRATA KOMUNALE MORI PJESË NË KRIJIMIN E TRAJNIMEVE TË QENDRËS SË TRAJNIMEVE TË BNJVL-SË

Në Qendrën e Trajnimeve të BNJVL-së, më 5 shkurt 2020 u organizua një punëtori për përgatitjen e Planit vjetor të trajnimeve të BNJVL-së për vitin 2020. Për këtë qëllim, BNJVL-ja ftoi përfaqësues të rrjeteve profesionale të BNJVL-së, ndër të cilët edhe kryetarët e rrjeteve, si dhe persona për resurse njerëzore nga disa komuna për t'i nxjerrë nevojat për llojin e trajnimeve të nevojshme për administratën komunale nga sferat përkatëse që janë në kompetencë të pushtetit lokal: financat, menaxhimi i resurseve njerëzore, arsimi, zhvillimi ekonomik lokal – ZHEL, urbanizmi, energjetika dhe efikasiteti energjetik, mbrojtja e mjedisit jetësor, çështjet dhe fondet evropiane, personat PR, personat TI, rojtarët komunalë, juristët, inspektorët lokalë për trafik, rrugë dhe trafikun rrugor...

## BNJVL-ja të tregojë për nevojën për korrigjim të listës së trajnimeve të MSHIA-së

Të pranishmit në takim diskutuan për sfidat me të cilat ballafaqohen ata për përmbushje adekuate të obligimeve ligjore për përmirësim të vazhdueshëm të kapaciteteve të administratës komunale dhe pastaj vijonte formimi i grupeve punuese nëpër sfera, në të cilat u dhanë një sërë propozimesh konkrete për trajnime që do të inkuadrohen gjatë hartimit të Planit të ri të trajnimeve. Përfaqësuesit e komunave theksuan se shumë shpesh marrin oferta për trajnime nga kompanitë private që nuk përmbushin nevojat e pushtetit lokal dhe njëkohësisht janë të shtrenjta dhe janë një barrë e madhe financiare për komunë. Ata theksuan se edhe Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës (MSHIA) tashmë disa vite me radhë dërgon deri te komunat të njëjtën listë për zgjedhjen e trajnimeve për administratën komunale, ku trajnimet e cekura janë shumë të përgjithshme, përbëhen vetëm me ligjërata dhe nuk i përmbushin nevojat e të punësuarve në komunë. U theksua se përfaqësuesit e administratës komunale kanë më shumë nevojë për trajnime të specializuara, që duhet të realizohen me ndërveprim të pjesëmarrësve dhe ligjëruesve, të dizajnuara për nevojat e administratës lokale, e jo të asaj shtetërore dhe ku të pranishmit njëkohësisht do të mund të shkëmbejnë përvojat e punës



разменат искуства од секојдневното работење, односно спроведување на законските одредби и процедури. Тие посочија дека многу често им се потребни и обуки за подготвување и изработка на соодветни документи, планови или спроведување на одредени процедури кои се специфични и карактеристични само за локалната власт. Притоа, истакнаа дека испорака на такви обуки досега добиле најмногу од ЗЕЛС тренинг центарот, па беше предложено ЗЕЛС да се координира со МИОА да му укаже да ја прилагоди листата на понудени обуки според потребите на општинската администрација.

## Потребни специјализирани обуки

Присутните го нагласија и предизвикот што го наметнува новиот Закон за инспекциски надзор, каде доколку општината не им обезбеди соодветна специјализирана обука на инспекторите од областа за која тие имаат лиценца, тие не би можеле да ги добијат потребните поени при годишното оценување. Обезбедувањето на вакви обуки истовремено, претставува дополнителен финансиски товар за општината, бидејќи најчесто ваквите обуки се скапи и ретки.

Во таа насока, присутните беа информирани дека ЗЕЛС тренинг центарот, воочувајќи ја ваквата потреба, веќе интензивно го разгледува концептот за испорачување на специјализирани обуки за локалните власти, за кои општините би требало да одвојат одреден финансиски надомест. Во секој случај, тој надоместок би бил понизок од оној што се нуди од приватните центри за обуки, бидејќи обуките би се одржувале во ЗЕЛС тренинг центарот и притоа ЗЕЛС би се ангажирал околу обезбедувањето на адекватни експерти. Исто така, беше посочено дека многу општини своите вработени ги испраќаат на обуки за кои плаќаат значителна сума на средства, и покрај тоа што ЗЕЛС организирал бесплатни обуки од таа област. Оваа состојба беше дискутирана и од страна на Управниот одбор на ЗЕЛС од каде произлезе препораката за активно учество на општините во креирањето на Планот на обуки на ЗЕЛС и негово континуирано следење. Во таа насока, претставниците од ЗЕЛС ги охрабрија присутните да ги изнесат сите обуки што им се потребни, со цел да се подготви соодветен План за обуки на ЗЕЛС за 2020 година, при што освен обезбедувањето на бесплатните обуки би се разгледале можностите и за платени специјализирани обуки.

së çdoditshme, përkatësisht të zbatojnë dispozitat dhe procedurat ligjore. Ata theksuan se shumë shpesh kanë nevojë edhe për trajnime për përgatitje dhe përpilim të dokumenteve dhe planeve adekuate ose zbatim të procedurave të caktuara që janë specifike dhe karakteristike vetëm për pushtetin lokal. Ata theksuan se deri më tani trajnime të tilla më shumë janë organizuar nga ana e Qendrës së Trajnimeve të BNJVL-së, kështu që u propozua që BNJVL-ja të koordinohet dhe t'i tregojë MSHIA-së që ta adaptojë listën e trajnimeve të ofruara sipas nevojave të administratës komunale.

## Nevojiten trajnime të specializuara

Të pranishmit theksuan edhe sfidën që e imponon Ligji i ri për mbikëqyrjen inspektuese, ku nëse komuna nuk siguron një trajnim të specializuar adekuat për inspektorët e sferës për të cilën ata kanë licencë, ata nuk do të mund t'i fitonin pikët e nevojshme gjatë vlerësimit vjetor. Sigurimi i trajnimeve të këtilla është në të njëjtën kohë edhe një barrë shtesë financiare për komunë, sepse trajnimet e këtilla më së shpeshti janë të shtrenjta dhe të rralla.

Në këtë drejtim, të pranishmit u informuan se Qendra e Trajnimeve të BNJVL-së, duke e vërejtur nevojën e këtillë, tashmë shqyrton në mënyrë intensive konceptin e organizimit të trajnimeve të specializuara për autoritetet lokale, për të cilat komunat do të duhet të ndanin një kompensim të caktuar financiar. Sidoqoftë, ai kompensim do të ishte më i ulët se ai që ofrohet nga qendrat private të trajnimeve, sepse trajnimet do të mbaheshin në Qendrën e Trajnimeve të BNJVL-së dhe BNJVL-ja do të angazhohej rreth sigurimit të ekspertëve adekuatë. Gjithashtu u theksua se shumë komuna i dërgojnë të punësuarit e tyre në trajnime për të cilat paguajnë një shumë të konsiderueshme mjetesh, edhe pse BNJVL-ja ka organizuar trajnime falas nga ajo sferë. Kjo gjendje u diskutua edhe nga ana e Bordit drejtues të BNJVL-së prej nga doli rekomandimi për pjesëmarrje aktive të komunave në krijimin e Planit të trajnimeve të BNJVL-së dhe ndjekjen e tij të vazhdueshme. Në këtë drejtim, përfaqësuesit e BNJVL-së inkurajuan të pranishmit që t'i cekin të gjitha trajnimet për të cilat kanë nevojë, me qëllim që të përgatitet një Plan përkatës trajnimesh të BNJVL-së për vitin 2020, kështu që përveç sigurimit të trajnimeve falas do të shqyrtoheshin mundësitë edhe për trajnime të specializuara të paguara.





## МИНАТАТА ГОДИНА ЗАЈАКНАТИ КАПАЦИТЕТИТЕ НА ОКОЛУ 900 ПРЕТСТАВНИЦИ ОД ЛОКАЛНАТА ВЛАСТ

Според Извештајот на Програмата за обуки на ЗЕЛС за минатата, 2019 година, ЗЕЛС тренинг центарот спровел обуки и советувања во кои биле опфатени 881 претставник од општинската администрација и од општинските совети. Поточно, во согласност со проекциите на оваа Програма за обуки, беа реализирани: 11 работилници, 18 обуки и една конференција. Обуките најчесто беа еднодневни или полудневни и се одржуваа во ЗЕЛС тренинг центарот, во административната зграда на ЗЕЛС, во Скопје.

Во согласност со Планот за обуки, во 2019 година спроведени се 13 тематски модули, од вкупно 19, распределени во 13 области: урбанизам; право; финансии; човечки ресурси; односи со јавноста; животна средина; образование; локален економски развој; информатичко-комуникациски технологии; ЕУ интеграции и фондови; локален патен сообраќај; сертифицирани обуки и проектни обуки. Најмногу активности се евидентирани во проектните и сертифицирани обуки, а најголем број учесници се забележани во областа на животна средина и човечки ресурси. Од вкупниот број учесници, 51% присуствувале на обуките реализирани во согласност со годишниот План за обуки. Останатите 49% се однесуваат на бројот на учесници на дополнителните обуки спроведени во 2019 година.

### Предизвици при реализација на обуките

При реализацијата на овие активности за градење на капацитети на локалната власт беа забележани неколку предизвици. Едниот се однесува на обезбедување на претставници од државната администрација, од соодветните министерства и други државни институции, кои при донесувањето на нови закони или измени и дополнувања на законите, треба да обезбедат и соодветно информирање на администрацијата за нивно квалитетно имплементирање. Тука се бележи застој од страна на државните претставници. Вториот се однесува на преземање на тематските модули што ЗЕЛС ги утврдува во Програмата за обуки, од приватните провајдери. Заради потребата од стекнување знаење во секојдневното работење, општините одвојуваат значителен износ средства за обука на своите вработени во приватните тренинг агенции, наспроти истата услуга бесплатно да ја добијат во ЗТЦ. Беше посочено на градоначалниците и на претставниците од одделенијата за човечки ресурси да обрнат поголемо внимание на содржината што е утврдена во Планот за обуки на ЗЕЛС. И третиот предизвик се забележува во периоди кога се спроведуваат изборни циклуси во државата. Така и во 2019 година, поради претседателските избори се забележаа две насоки на забавување во реализација на обуките: одложено спроведување на активностите или многу ниска посетеност, особено во предизборниот период.

## JANË PËRFORCUAR KAPACITETET E RRETH 900 PËRFAQËSUESVE TË PUSHTETIT LOKAL NË VITIN E KALUAR

Sipas raportit të Programit të trajnimeve të BNJVL-së për vitin e kaluar 2019, Qendra e Trajnimeve të BNJVL-së ka zbatuar trajnime dhe këshillime me të cilat janë përfshirë 881 përfaqësues të administratës komunale dhe të këshillave komunalë. Më saktësisht, në përputhje me projeksionet e këtij Programi të trajnimeve, u realizuan: 11 punëtori, 18 trajnime dhe një konferencë. Trajnimet më së shpeshti ishin njëditore ose gjysmëditore dhe mbaheshin në Qendrën e Trajnimeve të BNJVL-së, në ndërtesën administrative të BNJVL-së, në Shkup.

Në përputhje me Planin e trajnimeve, në vitin 2019 janë zbatuar 13 module tematike nga gjithsej 19 të shpërndara në 13 sfera: urbanizëm, drejtësi, financa, resurse njerëzore, marrëdhënie me publikun, mjedis jetësor, arsim, zhvillim ekonomik lokal, teknologji informatike-komunikuese, integrime dhe fonde të BE-së, trafik lokal rrugor, trajnime të certifikuara dhe trajnime të projekteve. Më shumë aktivitete janë evidentuar në trajnimet e certifikuara dhe trajnimet e projekteve, ndërsa numri më i madh i pjesëmarrësve është shënuar në sferën e mjedisit jetësor dhe resurseve njerëzore. Nga numri total i pjesëmarrësve, 51% kanë marrë pjesë në trajnimet e realizuara në përputhje me Planin vjetor të trajnimeve. 49% të tjerë kanë të bëjnë me numrin e pjesëmarrësve në trajnimet shtesë të zbatuara në vitin 2019.

### Sfidat gjatë realizimit të trajnimeve

Gjatë realizimit të këtyre aktiviteteve për ndërtimin e kapaciteteve të pushtetit lokal u vërejtën disa sfida. Njëra ka të bëjë me sigurimin e përfaqësuesve të administratës shtetërore, të ministrive përkatëse dhe institucioneve të tjera shtetërore, të cilët gjatë miratimit të ligjeve të reja ose ndryshimeve dhe plotësimeve të ligjeve duhet të sigurojnë edhe informim përkatës të administratës për implementimin e tyre cilësor. Këtu shënohet një ngecje nga ana e përfaqësuesve shtetërorë. E dyta ka të bëjë me ndërmarrjen e moduleve tematike të cilat i përcakton BNJVL-ja në Programin e trajnimeve nga provajderët privatë. Për shkak të nevojës për të fituar njohuri në punën e përditshme, komunat ndajnë një shumë të konsiderueshme mjetesh për t'i trajnuar të punësuarit e tyre në agjencitë private të trajnimeve, ne vend se ta fitojnë të njëjtin shërbim falas në Qendrën e Trajnimeve të BNJVL-së. U theksua për kryetarët e komunave dhe përfaqësuesit e departamenteve të resurseve njerëzore t'i kushtojnë një vëmendje më të madhe përmbajtjes që është përcaktuar në Planin e trajnimeve të BNJVL-së. Dhe sfida e tretë vërehet në periudha kur zbatohen ciklet zgjedhore në vend. Kështu, edhe në vitin 2019, për shkak të zgjedhjeve presidenciale u vërejtën dy drejtime të ngecjes së realizimit të trajnimeve: zbatim i prolonguar i aktiviteteve ose pjesëmarrje shumë e ulët, sidomos në periudhën parazgjedhore.

## ДЕФИНИРАН ПЛАНОТ ЗА ОБУКИ ЗА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА ЗА 2020 ГОДИНА

Планот за обуки на ЗЕЛС за единиците на локалната самоуправа за 2020 година е комплетиран и ставен во функција. Предлог - рамката на овој план беше дефинирана врз основа на новите законски измени и потребите на општините, во консултации со претседателите на професионалните мрежи во ЗЕЛС и со претставници од одделенијата за човечки ресурси во единиците на локалната самоуправа. Како и во претходните години и оваа година предлог - планот беше доставен по електронска пошта до сите општини да дадат соодветни предлози за надополнување на обуки кои сметаат дека им се неопходни и кои ќе им помогнат во обезбедувањето на квалитетното извршување на работните обврските во општината.

Заложбата за поддршка на своите членки и јакнење на капацитетите на општинската администрација, нагласена е во втора стратегиска цел на ЗЕЛС: обезбедување и одржување на систем на услуги на ЗЕЛС. Во таа насока, но и за поекономично работење, речиси една деценија активно се користи ЗЕЛС тренинг центарот, што се наоѓа во административната зграда на ЗЕЛС. Во него се обезбедени адекватни услови за организирање на обуки, советувања и работилници што претставниците од општините ги добиваат бесплатно. ЗЕЛС, исто така, обезбедува и градење на капацитетите на избраните функционери на локално ниво.

Во Планот за обуки на ЗЕЛС за 2020 година застапени се обуки од речиси сите области кои се во надлежност на локалната власт. Во делот на човечки ресурси утврдени се обуки за примена на Законот за административни службеници во ЕЛС и примена на системот за оценување за инспекциските служби. Потоа, утврдени се обуки од областа на јавни набавки; предвидени се обуки за финансиско управување и планирање на локално ниво; искористување на ИПА фондови; набавка на електрична енергија во ЕЛС; примена на Закон за енергетска ефикасност; обуки од областа на патен сообраќај; за работењето на инспекциските служби и други. Во делот на проектните обуки, ЗЕЛС ќе продолжи со заложбите за поддршка на локалната самоуправа за родово одговорно буџетирање и за имплементација на мерките за родова еднаквост.

Сертифицираните обуки ќе бидат посветени на поддршката на општинската администрација за добивање на сертификатот за поволно деловно опкружување во Југоисточна Европа (БФЦ ЈИЕ) и на стекнување со овластување за водење постапка за отуѓување и давање под закуп на градежно земјиште, сопственост на Република Северна Македонија. Во согласност со тековните потреби на општинската администрација, при законски измени или воведување на други акти што треба да ги имплементираат локалните власти, ЗЕЛС тренинг центарот е подготвен да обезбеди и дополнителни обуки, кои не се предвидени во планот. Интензивно се размислува и за иницијативата за воведување и платени обуки за општините, особено кога станува збор за одредени специјализирани обуки за локалната власт, што беше поддржана и од страна на Управниот одбор на ЗЕЛС, но и на општинските претставници кои учествуваа при подготовката на овој документ.

## U DEFINUA "PLANI I TRAJNIMEVE PËR NJËSITË E VETËQEVERISJES LOKALE PËR VITIN 2020"

Plani i trajnimeve i BNJVL-së për njësitë e vetëqeverisjes lokale për vitin 2020 është kompletuar dhe është vënë në funksion. Propozim korniza e këtij plani u definua në bazë të ndryshimeve të reja ligjore dhe nevojave të komunave, në konsultime me kryetarët e rrjeteve profesionale në BNJVL dhe me përfaqësues të departamenteve të resurseve njerëzore në njësitë e vetëqeverisjes lokale. Si në vitet paraprake, edhe këtë vit propozim – plani u dërgua me postë elektronike deri te të gjitha komunat për të dhënë propozime përkatëse për plotësim të trajnimeve për të cilat mendojnë se janë të nevojshme dhe të cilat do të ndihmojnë në sigurimin e kryerjes cilësore të obligimeve të punës në komunë.

Zotimi për mbështetje të anëtareve të saja dhe përforcim të kapaciteteve të administratës komunale është theksuar në qëllimin e dytë strategjik të BNJVL-së "Sigurimi dhe mirëmbajtja e sistemi të shërbimeve të BNJVL-së". Në këtë drejtim, por edhe për operim më ekonomik gati për një dekadë të tërë përdoret në mënyrë aktive Qendra e Trajnimeve e BNJVL-së që gjendet në ndërtesën administrative të BNJVL-së. Në të janë siguruar kushte adekuate për organizim të trajnimeve, këshillimeve dhe punëtorive të cilat i marrin falas përfaqësuesit e komunave. BNJVL-ja, gjithashtu, siguron edhe ndërtimin e kapaciteteve të funksionarëve të zgjedhur në nivel lokal.

Në Planin e trajnimeve të BNJVL-së për vitin 2020 gjenden trajnime prej gati të gjitha sferave që janë në kompetencë të pushtetit lokal. Në pjesën e resurseve njerëzore janë përcaktuar trajnime për zbatim të Ligjit për nëpunësit administrativë në NJVL-të dhe zbatim të sistemit të vlerësimit të shërbimeve inspektuese. Pastaj janë përcaktuar trajnime të sferës së prokurimeve publike; janë paraparë trajnime për menaxhim dhe planifikim financiar në nivel lokal; përdorimi i fondeve IPA, furnizimi i energjisë elektrike në NJVL-të; zbatimi i Ligjit për efikasitet energjetik; trajnime të sferës së trafikut rrugor; për punën e shërbimeve inspektuese etj. Në pjesën e trajnimeve të projekteve, BNJVL-ja do të vazhdojë me zotimet për mbështetje të vetëqeverisjes lokale për buxhetim të përgjegjshëm gjinor dhe për implementim të masave të barazisë gjinore.

Trajnimet e certifikuara do t'i përkushtohen mbështetjes së administratës komunale për fitim të certifikatës për ambient të favorshëm afarist në Evropën Juglindore (BFC EJL) dhe për fitim të autorizimit për udhëheqjen e procedurës për tjetërsim dhe dhënie me qira të tokës ndërtimore, pronësi e Republikës së Maqedonisë së Veriut. Në përputhje me nevojat rrjedhëse të administratës komunale, gjatë ndryshimeve ligjore ose aplikimit të akteve të tjera që duhet t'i implementojnë autoritetet lokale, Qendra e Trajnimeve të BNJVL-së është e përgatitur për të siguruar edhe trajnime shtesë, që nuk janë paraparë në Plan. Po mendohet në mënyrë intensive edhe për iniciativën e aplikimit të trajnimeve të paguara për komunat, sidomos kur bëhet fjalë për trajnime të caktuara të specializuara për pushtetin lokal, që u mbështet edhe nga ana e Bordit drejtues të BNJVL-së, por edhe nga përfaqësuesit komunalë të cilët morën pjesë në përgatitjen e këtij dokumenti.

# ВКУПНО 33 КАНДИДАТИ СЕ СТЕКНАА СО ЛИЦЕНЦА ЗА ВОДЕЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ОТУЃУВАЊЕ И ДАВАЊЕ ПОД ЗАКУП НА ДРЖАВНО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

За претставниците од локалната власт, во текот на месец февруари, ЗЕЛС во соработка со Министерството за транспорт и врски (МТВ) отвори нов циклус на обуки за стекнување со лиценца за водење на постапка за отуѓување и давање под закуп на државно градежно земјиште. **Во согласност со измените на Законот за градежно земјиште, (објавени во Службен весник на РСМ" број 275 од 27 декември 2019 година), од 1 мај 2020 година сите единиците на локалната самоуправа се должни да ја преземат оваа надлежност.** Тоа значи дека и преостанатите дваесетина општини треба да ги реализираат сите законски услови за да се стекнат со правото да управуваат со државното градежно земјиште, меѓу кои е и обврската да имаат соодветен број на лиценцирани вработени кои ќе ја водат постапката за отуѓување и давање под закуп на ова земјиште. Во текот на месец февруари, исто така, беше организирано и полагање на испитот за кандидатите кои во јуни минатата година ја проследија оваа обука, а можност да полагаат им беше дадена и на претставниците од локалната власт кои на претходната сесија не го положиле испитот.

## Пријавените раководни и стручни административни службеници ја проследија почетната обука

Почетни обуки за претставници од единиците на локалната самоуправа, со статус на административен службеник од редот на раководни и стручни административни службеници, беа реализирани на 17 февруари 2020 година во просториите на ЗЕЛС тренинг центарот. Комисијата за следење на овој процес на почетокот на месец февруари го објави огласот во медиумите, а истиот беше објавен и на веб-страницата на ЗЕЛС (www.zels.org.mk). На огласот се пријавија околу 60 кандидати од општините. За термините за следење на обуката, пријавените кандидати беа информирани од стручната служба на ЗЕЛС, по електронски пат. Термините за полагање на теоретскиот и практичниот дел од испитот ќе бидат дополнително утврдени, за што кандидатите што ја проследија обуката ќе бидат навремено информирани од страна на ЗЕЛС. Главна причина за одолжувањата на закажувањето на термини за полагање на испит е отежнатиот пристап за обезбедување на простор за електронско полагање во Испитниот центар на Правниот факултет „Јустинијан Први" при УКИМ.



# GJITHSEJ 33 KANDIDATË MORËN LICENCË PËR UDHËHEQJEN E PROCEDURËS PËR TJETËRSIM DHE DHËNIE ME QIRA TË TOKËS NDËRTIMORE SHTETËRORE

BNJVL-ja në bashkëpunim me Ministrinë e Transportit dhe Lidhjeve (MTL) gjatë muajit shkurt hapi ciklin e ri për përfaqësuesit e pushtetit lokal për marrjen e licencës për udhëheqjen e procedurës për tjetërsim dhe dhënie me qira të tokës ndërtimore shtetërore. **Në përputhje me ndryshimet e Ligjit për tokën ndërtimore (të publikuara në Gazetën zyrtare të RMV-së nr. 275 të datës 27 dhjetor 2019), nga 1 maji 2020 të gjitha njësitë e vetëqeverisjes lokale kanë obligim të ndërmarrin këtë kompetencë.** Kjo do të thotë se edhe njëzet komuna të tjera duhet t'i përmbushin të gjitha kushtet ligjore që të fitojnë të drejtën të udhëheqin me tokën ndërtimore shtetërore, ndër të cilat është edhe obligimi të kenë numrin përkatës të të punësuarve të licencuar të cilët do të udhëheqin procedurën për tjetërsim dhe dhënie me qira të kësaj toke. Gjatë muajit shkurt, gjithashtu u organizua edhe provimi për kandidatët të cilët në qershor të vitit të kaluar ndoqën këtë trajnim, ndërsa mundësi për të kaluar provimin morën edhe përfaqësuesit e pushtetit lokal të cilët në sesionin paraprak nuk e kanë kaluar provimin.

## Nëpunësit e paraqitur udhëheqës dhe profesionalë administrativë ndoqën trajnimin fillestar

Trajnimet fillestare për përfaqësuesit e njësive të vetëqeverisjes lokale që kanë statusin e nëpunësit administrativ nga radha e nëpunësve udhëheqës dhe profesionalë administrativë u mbajtën më 17 shkurt 2020 në hapësirat e Qendrës së Trajnimeve të BNJVL-së. Komisioni për ndjekjen e këtij procesi në fillim të muajit shkurt publikoi shpalljen në media, ndërsa e njëjta u publikua edhe në faqen e internetit të BNJVL-së (www.zels.org.mk). Për shpalljen u paraqitën rreth 60 kandidatësh nga komunat. Për terminët për ndjekjen e trajnimit, kandidatët e paraqitur u informuan nga shërbimi profesional i BNJVL-së në mënyrë elektronike. Terminët për pjesën teorike dhe praktike të provimit do të përcaktohen në mënyrë shtesë dhe kandidatët që ndoqën trajnimin për këtë gjë do të informohen me kohë nga ana e BNJVL-së. Arsyeja kryesore për prolongimin e caktimit të terminëve të provimit është qasja e vështirësuar për sigurimin e hapësirës për kalim elektronik të provimit në Qendrën e provimeve të Fakultetit Juridik "Justiniani i Parë " pranë Universitetit "Shën Kirili dhe Metodiu".



### Реализиран теоретскиот и практичниот дел од испитот за кандидатите од месец јуни

На 11, 14 и на 19 февруари 2020 година, во Испитниот центар беше реализирано полагањето на испитот и за кандидатите кои проследија обука во месец јуни, минатата година. Право на полагање имаа и кандидатите кои на претходната сесија не го положиле испитот. Полагањето се спроведува електронски и резултатите се објавуваат веднаш по полагањето. Во првите два термина беше спроведено полагање на теоретскиот дел од испитот, кога во временски период од еден час кандидатите одговараа на педесетина прашања кои се однесуваат на постојната законска регулатива од областа на урбанизмот, градежното земјиште, постапките за експропријација,а 15% од прашањата се однесуваат и на користење на софтверската апликација www.gradezno-zemjiste.mk. Овој информациски систем го одржува, управува, користи и го надградува ЗЕЛС и истовремено им дава континуирана поддршка на општините при неговото користење. Преку www.gradezno-zemjiste.mk се спроведуваат сите постапки за отуѓување и давање под закуп на државно градежно земјиште, по пат на јавно надавање и по пат на непосредна спогодба, утврдени во Законот за градежно земјиште. По спроведувањето на практичниот дел од испитот (студија на случај) вкупно 33 кандидати од општините се стекнаа со лиценца за водење на постапка за отуѓување и давање под закуп на државно градежно земјиште.

### U realizua pjesa teorike dhe praktike e provimit për kandidatët e muajit qershor

Më 11, 14 dhe 19 shkurt 2020, në Qendrën e provimeve u realizua provimi për kandidatët të cilët ndoqën trajnimin në qershor të vitit të kaluar. Edhe kandidatët të cilët nuk e kanë kaluar provimin në sesionin paraprak patën të drejtën për të kaluar provimin. Provimi zbatohet në mënyrë elektronike dhe rezultatet publikohen menjëherë pas mbajtjes së provimit. Në dy terminët e parë u zbatua pjesa teorike e provimit, kur në periudhën kohore prej një ore kandidatët u përgjigjën pesëdhjetë pyetjeve të cilat kishin të bënin me rregulloren ekzistuese ligjore të sferës së urbanizmit, tokës ndërtimore, procedurave të shpronësimit, ndërsa 15% të pyetjeve kishin të bënin me përdorimin e aplikacionit softuerik www.gradezno-zemjiste.mk. Këtë sistem të informacioneve e mirëmban, udhëheq, përdor dhe përmirëson BNJVL-ja dhe njëkohësisht u jep një përkrahje të vazhdueshme komunave gjatë përdorimit të tij. Përmes www.gradezno-zemjiste.mk zbatohen të gjitha procedurat për tjetërsim dhe dhënie me qira të tokës ndërtimore shtetërore, me anë të ankandit publik dhe me anë të marrëveshjes së drejtpërdrejtë, të përcaktuara me Ligjin për tokën ndërtimore. Pas zbatimit të pjesës praktike të provimit (studimi i rastit) gjithsej 33 kandidatë të komunave morën licencë për udhëheqjen e procedurës për tjetërsim dhe dhënie me qira të tokës ndërtimore shtetërore.

## ДИСКУСИЈА ЗА ПРЕДИЗВИЦИТЕ ОКОЛУ ПОДГОТОВКАТА НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА НАПРЕДОКОТ НА РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ ВО ОПШТИНИТЕ

На иницијатива на ЗЕЛС, на 27 февруари 2020 година, во просториите на ЗЕЛС тренинг центарот во Скопје беше одржана работилница за општинските координатори за еднакви можности помеѓу жените и мажите. На работилницата беше повикана државната секретарка од Министерството за труд и социјална политика (МТСП), Јована Тренчевска, претставник од Секторот за еднакви можности од оваа институција како и претставник од Телото на ОН за родова еднаквост и зајакнување на жените „UN Women" во Скопје, кое ги поддржува активностите за родова еднаквост во нашата земја. Целта беше општинските координатори да доставаат

## DISKUTIM PËR SFIDAT RRETH PËRGATITJES SË RAPORTIT PËR PROGRESIN E BARAZISË GJINORE NË KOMUNA

Me iniciativë të BNJVL-së, më 27 shkurt 2020, në hapësirat e Qendrës së Trajnimeve të BNJVL-së në Shkup u mbajt një punëtori për koordinatorët komunalë e mundësive të barabarta midis femrave dhe meshkujve. Në punëtorinë u ftua sekretarja shtetërore e Ministrisë së Punës dhe Politikës Sociale (MPPS), Jovana Trençevska, përfaqësues i Sektorit të mundësive të barabarta të këtij institucioni, si dhe një përfaqësues i Trupit të OKB-së për barazi gjinore dhe përforcim të femrave "UN Women" në Shkup, i cili mbështet aktivitetet për barazi gjinore në vendin tonë. Qëllimi ishte që koordinatorët komunalë të dërgojnë një raport cilësor për progresin e barazisë





квалитетен извештај за напредокот на родовата еднаквост во општината, што во согласност со законските обврски треба да го сторат најдоцна до 31 март, во тековната година. Формата и содржината на извештајот ги пропишува МТСП, поради што општинските координатори поставија низа прашања до претставниците од оваа институција за предизвиците со кои се соочуваат при подготовката на документот. Посебно внимание беше посветено на дилемите кои се основни, позитивни и охрабрувачки мерки, а кои, пак, се програмски. Основните мерки се однесуваат на процедури, упатства со кои се придонесува за систематско вклучување на родовата еднаквост во основните документи за работа на општината. Беше констатирано дека мал број општини донесуваат основни мерки, а повеќето се однесуваат на позитивни и охрабрувачки мерки. Од исклучително значење е координаторите да знаат да ги идентификуваат мерките, односно претходно да бидат донесени и потоа наведени во формуларот за известување, а понатаму од МТПС, од Секторот за еднакви можности ќе бидат класифицирани по категории (основни, позитивни, охрабрувачки). На работилницата како предизвик беше посочено и собирањето на податоци и документи со кои би се анализирале и препознале активности кои се однесуваат на родовата еднаквост во самата општина. Позитивна практика за собирање и обработка на родово разделни податоци по институции кои се на располагање на сите вработени во општините, но и на институциите на територија на општината изнесе претставникот од Општина Свети Николе. Механизмот што го користи оваа општина побуди интерес кај присутните, па документите за него ќе биде дистрибуиран до сите општини преку ЗЕЛС. Беше истакнато дека координаторите треба да ги користат сите механизми за подигнување на свеста на општинската администрација за прашањата од родова еднаквост и нивно имплементирање во сите програмски активности. Нагласено беше и претходно изнесеното барање во актот за систематизација на општината да се предвиди посебно работно место за координатор за еднакви можности. Претставниците од МТСП посочија дека се планираат измени на Законот за еднакви можности на жените и мажите, за што е веќе формирана и работна група на која ќе се говори за овој предлог, а воедно, општинските координатори својот став можат да го изнесат и на планираните јавни дебати на кои ќе бидат повикани. На крајот на средбата беа донесени повеќе заклучоци:

gjinore në komunë, që në përputhje me obligimet ligjore duhet ta bëjnë më së voni deri më 31 mars të vitit aktual. Formën dhe përmbajtjen e raportit i përcakton MPPS-ja dhe për këtë arsye koordinatorët komunalë parashtruan një sërë pyetjesh për përfaqësuesit e këtij institucioni për sfidat me të cilat ballafaqohen gjatë përgatitjes së dokumentit. Një vëmendje të veçantë iu përkushtua dilemave të cilat janë masa bazike, pozitive dhe inkurajuese, por janë programore. Masat bazike kanë të bëjnë me procedurat, udhëzimet të cilat kontribuojnë për përfshirjen sistematike të barazisë gjinore në dokumentet themelore të punës së komunës. U konstatua se një numër i vogël komunash miratojnë masa bazike, ndërsa shumicat kanë të bëjnë me masat pozitive dhe inkurajuese. Është shumë e rëndësishme që koordinatorët të dinë t'i identifikojnë masat, gjegjësisht ato të miratohen paraprakisht dhe të specifikohen në formularin e raportimit, e pastaj nga MPPS-ja, Sektori i mundësive të barabarta të klasifikohen sipas kategorive (themelore, pozitive, inkurajuese). Në punëtorinë si sfidë u theksua edhe grumbullimi i të dhënave dhe dokumenteve me të cilat do të analizoheshin dhe identifikoheshin aktivitetet që kanë të bëjnë me barazinë gjinore në vetë komunë. Përfaqësuesi i Komunës së Sveti Nikolles prezantoi një praktikë pozitive për grumbullim dhe përpunim të të dhënave të ndara gjinore nëpër institucione që janë në dispozicion për të gjithë të punësuarit në komuna, por edhe për institucionet në territorin e komunës. Mekanizmin që e përdor kjo komunë shkaktoi interes te të pranishmit, kështu që dokumentet për të njëjtin mekanizëm do të dërgohet deri te të gjitha komunat përmes BNJVL-së. U theksua se koordinatorët duhet t'i përdorin të gjithë mekanizmat për ta ngritur vetëdijen e administratës komunale për çështjet e barazisë gjinore dhe implementimin e tyre në të gjitha aktivitetet e programeve. U theksua edhe kërkesa e prezantuar paraprakisht që në aktin e sistematizimit të komunës të parashihet një vend i veçantë pune për koordinatorin e mundësive të barabarta. Përfaqësuesit e MPPS-së theksuan se po planifikohen ndryshime të Ligjit për mundësi të barabarta të femrave dhe meshkujve, për të cilën gjë tashmë është formuar edhe grup punues në të cilin do të bisedohet për këtë propozim, e njëkohësisht koordinatorët komunalë mund ta prezantojnë atë edhe në debatet e planifikuara publike në të cilat do të ftohen.



1.Координирано и поефикасно планирање и спроведување на активности од областа на родова еднаквост, при што од особена важност е подигање на свеста кај избраните функционери, но и кај општинската администрација; 2. Обука за развивање на индикатори за активности од оваа област, за следење и известување по однос на промените по индикаторите; 3. Активно вклучување на координаторот во активностите при развивање на општинските стратешки и акциски документи, со цел навремено и правилно вклучување на родовата димензија во нив; 4. Редовни состаноци на Комисиите за еднакви можности во општините; 5. Неопходност од создавање на „дата база на родово разделни податоци“ и соодветна анализа за понатамошно користење при изработка на документи и спроведување на соодветни активности.

Në fund të takimit u morën më shumë konkluzione. 1. Planifikim koordinues dhe zbatim më efikas i aktiviteteve të sferës së barazisë gjinore, kështu që është shumë e rëndësishme të ngrihet vetëdija te funksionarët e zgjedhur, por edhe te administrata komunale. 2. Trajnim për zhvillim të indikatorëve për aktivitete të kësaj sfere, për ndjekje dhe raportim lidhur me ndryshimet e indikatorëve. 3. Përfshirje e koordinatorit në aktivitetet gjatë zhvillimit të dokumenteve komunale strategjike dhe aksionare me qëllim të përfshirjes me kohë dhe të drejtë të dimensionit gjinor në to. 4. Mbledhje të rregullta të Komisioneve të mundësive të barabarta në komuna. 5. Domosdoshmëri për t'u krijuar "një bazë të të dhënash të ndara gjinore" dhe një analizë adekuate për përdorimin e tyre të mëtejshëm gjatë përgatitjes së dokumenteve dhe zbatimit të aktiviteteve përkatëse.

## ВЗАЕМНО НАСОЧУВАЊЕ НА РЕСУРСИТЕ НА ДОМАШНИТЕ И НА МЕЃУНАРОДНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ЗА ПОДДРШКА НА ОПШТИНИТЕ ЗА РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ

## FOKUSIM I NDËRSJELLË I RESURSEVE TË INSTITUCIONEVE VENDASE DHE NDËRKOMBËTARE PËR PËRKRAHJEN E KOMUNAVE PËR BARAZINË GJINORE

Во организација на ЗЕЛС, на 10 март 2020 година беше одржан координативен состанок со претставници од меѓународните организации во нашата земја кои работат на унапредување на родовата еднаквост на локално ниво. На состанокот, што се одржа во административната зграда на ЗЕЛС, присуствуваа претставници од UN Women- Телото на Обединетите нации (ОН) за родова еднаквост и зајакнување на жените, од УНДП во Скопје, од Мисијата на ОБСЕ во Скопје, од канцеларијата на ГИЗ во Скопје, како и претставници од Министерство за труд и социјална политика (МТСП). Пред присутните, извршната директорка на ЗЕЛС, Душица Перишиќ, посочи дека станува збор за долгогодишна практика што ја применува ЗЕЛС при соработката со меѓународните и домашните институции во насока на заедничко креирање и насочување на активностите според потребите на локалната самоуправа, а што овозможува одбегнување на ризик од преклопување на исти активности. Таа говореше за поддршката што ЗЕЛС им ја дава на општините, а особено ја нагласи улогата на неодамна формираната „Лоби група за родова еднаквост на ЗЕЛС“, составена од избрани функционери (градоначалнички, градоначалници и претседателки и претседатели на општински совети). ЗЕЛС изнесе предлог за обезбедување на одредено софтверско решение за

Në organizim të BNJVL-së, më 10 mars 2020 u mbajt një mbledhje koordinuese me përfaqësues të organizatave ndërkombëtare në vendin tonë të cilët punojnë për të avancuar barazinë gjinore në nivel lokal. Në mbledhjen që u mbajt në ndërtesën administrative të BNJVL-së, morën pjesë përfaqësues të Un Women – Trupit të Organizatës së Kombeve të Bashkuara (OKB) për barazi gjinore dhe përforcim të femrave; të UNDP-së në Shkup; të Misionit të OSBE-së në Shkup; të zyrës së GIZ-it në Shkup, si dhe përfaqësues të Ministrisë së Punës dhe Politikës Sociale (MPPS). Para të pranishmëve, drejtoresha ekzekutive e BNJVL-së, Dushica Perishiq theksoi se bëhet fjalë për një praktikë shumëvjeçare që e zbaton BNJVL-ja gjatë bashkëpunimit me institucionet ndërkombëtare dhe vendase në drejtim të krijimit dhe fokusimit të përbashkët të aktiviteteve sipas nevojave të vetëqeverisjes lokale, e që mundëson shmangien e rrezikut të përputhjes së aktiviteteve të njëjta. Ajo foli për mbështetjen që BNJVL-ja ua jep komunave, e sidomos theksoi rolin e Grupit të lobimit për barazi gjinore të BNJVL-së, që u formua një kohë më parë dhe është përbërë nga funksionarë të zgjedhur (kryetare komunash, kryetarë komunash dhe kryetare të këshillave komunalë). BNJVL-ja dha një propozim për sigurim të një zgjidhjeje të caktuar softuerike për buxhetim të përgjegjshëm gjinor në nivel qendror dhe lokal, me të cilën do të përmirësoheshin





родово одговорно буџетирање на централно и на локално ниво, со што радикално би се подобриле состојбите во сферата на еднаквите можности и правилното буџетирање на средства, во согласност со специфичните потреби на жените и мажите. Како позначајни активности што во изминатиов период ги презел ЗЕЛС за поддршка на општините, беа наведени: воспоставена „е-платформа за родово одговорно буџетирање" - www.rob.zels.org.mk (сега е во фаза на надградба и усовршување, со цел да прерасне во регионален ресурсен центар за РОБ за потребите на локалните самоуправи); воспоставена функционална „Работната група за родова еднаквост на ЗЕЛС", составена од координатори за еднакви можности од општините (сега проширена со нови членови ), донесена „Стратегијата за родова еднаквост на ЗЕЛС за 2018-2030 година", што дава насоки во планирањето на активности во оваа област, обезбедена поддршка на општините за потпишување на Европската повелба за еднаквост на жените и мажите на локално ниво (досега 21 општина ја потпишала оваа Повелба). Беа презентирани и активностите утврдени во новиот проект на ЗЕЛС (веќе во фаза на имплементирање), што е поддржан од UN Women, од каде произлезе и интегрирањето на модули за обуки за РЕ и РОБ во Планот на обуки на ЗЕЛС за 2020 година.

Од МТСП, од Секторот за еднакви можности посочија дека очекуваат значајни промени по донесувањето на Законот за буџети, при што имплементирањето на родовата димензија во сите сфери и надлежности на централно и локално ниво ќе се утврди како законска обврска. Беа посочени и другите активности на креирање на политики и документи, односно реформи во сферата на родовата еднаквост. Сите присутни се согласија дека ваквите средби се неопходни за координиран пристап во планираните активности за родова еднаквост на локално ниво. Се очекува организирање на нови средби во поширок состав, каде би се вклучиле претставници и од други меѓународни организации и амбасади во чие работење родовото прашање е поставено високо на агендата на нивните активности.

në mënyrë radikale gjendjet në sferën e mundësive të barabarta dhe buxhetimit të drejtë të mjeteve, konform nevojave specifike të femrave dhe meshkujve. Si aktivitete më të rëndësishme të cilat i ka ndërmarrë në periudhën e kaluar BNJVL-ja për t'i mbështetur komunat u theksuan: u krijua "e-platforma për buxhetim të përgjegjshëm gjinor" - www.rob.zels.org.mk (tani është në fazë të azhurnimit dhe përmirësimit me qëllim që të shndërrohet në një qendër rajonale të resurseve për buxhetim të përgjegjshëm gjinor për nevojat e vetëqeverisjeve lokale); u krijua "Grupi funksional punues për barazi gjinore i BNJVL-së" që përbëhet nga koordinatorë për mundësi të barabarta nga komunat (tani i zgjeruar me anëtarë të rinj); u miratua "Strategjia për barazi gjinore i BNJVL-së 2018-2030-" që jep drejtime në planifikimin e aktiviteteve në këtë sferë; u sigurua mbështetje për komunat për nënshkrimin e Kartës evropiane për barazi të femrave dhe meshkujve në nivel lokal (deri më tani 21 komuna kanë nënshkruar këtë Kartë). U prezantuan edhe aktivitetet të përcaktuara në projektin e ri të BNJVL-së (tashmë në fazë të implementimit), që është mbështetur nga UN Women prej nga doli edhe integrimi i moduleve të trajnimeve për barazi gjinore dhe buxhetim të përgjegjshëm gjinor në Planin e trajnimeve të BNJVL-së për vitin 2020.

Nga MPPS-ja, nga Sektori për mundësi të barabarta theksuan se po presin ndryshime të rëndësishme pas miratimit të Ligjit për buxhete, me ç'rast implementimi i dimensionit gjinor në të gjitha sferat dhe kompetencat në nivel qendror dhe lokal do të përcaktohet si obligim ligjor. U theksuan edhe aktivitetet e tjera të krijimit të politikave dhe dokumenteve, gjegjësisht reforma në sferën e barazisë gjinore. Të gjithë të pranishmit theksuan se takimet e këtilla janë të domosdoshme për një qasje të koordinuar në aktivitetet e planifikuara për barazi gjinore në nivel lokal. Pritet të organizohen takime të reja në përbërje më të gjerë, ku do të përfshiheshin edhe përfaqësues të organizatave dhe ambasadave të tjera ndërkombëtare, në punën e të cilave çështja gjinore është vendosur lart në agjendën e aktiviteteve të tyre.

## Активности за еднаквост на жените и мажите на локално ниво преземени од меѓународните организации во земјава

**Претставничката од UN Women** - Телото на Обединетите нации (ОН) за родова еднаквост и зајакнување на жените ја нагласи потребата за воведување на нови иновативни алатки за унапредување на РЕ и РОБ на централно и локално ниво, алудирајќи на промените што се очекуваат со планираниот Закон за буџети, како и подготвеноста на Министерството за финансии за поддршка на реформите и воведување на ИТ систем за управување со јавните финансии, по примерот на Албанија. Таа ја нагласи и потребата за натамошно работење во делот на подигање на свеста кај општинската администрација, институциите и граѓаните за родовата еднаквост при што ги презентираше проектните активности на нивната организација во изминатите десетина години во нашата земја: 250 буџетирани општински активности, менторска поддршка на 21 ЕЛС, но и преку партнерската соработка со ЗЕЛС опфаќање на сите општини со обуки и споделување на информации и добри практики, како и директната мерка за поддршка на жени земјоделки од руралните средини. Овозможување на пошироко сензибилизирање и промоција на родовата димензија во регионот, преку воведувањето на модулот за родова еднаквост на локално ниво во „е-учење" на НАЛАС, наменет за асоцијациите на општините од земјите од Југоисточна Европа.

## Aktivitete për barazi të femrave dhe meshkujve në nivel lokal të ndërmarra nga organizatat ndërkombëtare në vend

**Përfaqësuesja e UN Women** – Trupit të Organizatës së Kombeve të Bashkuara (OKB) për barazi gjinore dhe përforcim të femrave theksoi nevojën për aplikimin e veglave të reja inovative për avancim të barazisë gjinore dhe buxhetim të përgjegjshëm gjinor në nivel qendror dhe lokal, duke menduar për ndryshimet që priten të ndodhin me Ligjin e planifikuar për buxhete, si dhe gatishmëria e Ministrisë së Financave për t'i përkrahur reformat dhe aplikimin e sistemit TI për menaxhim të financave publike, sipas shembullit të Shqipërisë. Ajo theksoi edhe nevojën për punë të mëtejshme në pjesën e ngritjes së vetëdijes së administratës publike, institucioneve dhe qytetarëve për barazinë gjinore me ç'rast prezantoi aktivitetet e projektit të organizatës së tyre në dhjetë vitet e kaluara në vendin tonë: 250 aktivitete të buxhetuara komunale, mbështetje të mentorit për 21 NJVL, por edhe përmes bashkëpunimit të partneritetit me BNJVL-në përfshirja e të gjitha komunave me trajnime dhe shpërndarja e informacioneve dhe praktikave të mira, si dhe masa e drejtpërdrejtë për mbështetjen e femrave fermere të mjediseve rurale. Mundësimi i sensibilizimit dhe promovimit më të gjerë të dimensionit gjinor në rajon, përmes aplikimit të modulit të barazisë gjinore në nivel lokal në "e-mësim" të NALAS-it, të dedikuar për asociacionet e komunave të vendeve të Evropës Juglindore.

**Од УНДП** во Скопје го истакнаа фокусот на активностите за родова еднаквост што го имаат во рамките на проектот „Зајакнување на општинските совети", каде во рамките на компонентата „вмрежување" формирана е и „тематската работна група за родова еднаквост" во која советниците дискутираат за прашања од оваа област. Тие ги посочија и активностите со „Форуми во заедницата", каде посебен аспект се става и на процентуалната застапеност на присутните жени на сесиите.

**Од Мисијата на ОБСЕ** во Скопје зборуваа за плановите на нивната канцеларија во делот на развивање на алатки со кои ќе се адресира родовата димензија во општинските програми, како и за нивната поддршка кон МТСП за започнатиот процес за измени на Законот за еднакви можности на жените и мажите.

**Од канцеларијата на ГИЗ во Скопје** говореа за развивањето на процедура за планирање и известување за родовите активности во рамките на организацијата. Тие ја потенцираа потребата за јакнење на координативната улога на МТСП на полето на еднаквите можности помеѓу сите институции. Родовата димензија тие ја анализирааат и во проектот што им е фокусиран на работата на нотарите, во делот на имотните права, каде е забележано значително пренесување на сопственоста на имот во корист на мажите.

**Nga UNDP-ja** në Shkup theksuan fokusin e aktiviteteve të barazisë gjinore që e kanë në kuadër të projektit "Përforcimi i këshillave komunalë", ku në kuadër të komponentit "rrjetëzimi" është formuar edhe "grup tematik punues për barazi gjinore" në të cilin këshilltarët diskutuan për çështje të kësaj sfere. Ata theksuan edhe aktivitetet me "Forume në bashkësi" ku theks i veçantë i vihet edhe përfaqësimit procentual të femrave të pranishme në sesionet.

**Nga Misioni i OSBE-së në Shkup** folën për planet e zyrës së tyre në pjesën e zhvillimit të veglave me të cilat do të adresohet dimensioni gjinor në programet e komunave, si dhe përmbështetjen e tyre ndaj MPPS-së për procesin e filluar për ndryshime të Ligjit për mundësi të barabarta të femrave dhe meshkujve.

**Nga zyra e GIZ-it** në Shkup folën për zhvillimin e procedurës për planifikim dhe raportim për aktivitetet gjinore në kuadër të organizatës. Ata theksuan nevojën për përforcim të rolit koordinues të MPPS-së në fushën e mundësive të barabarta ndërmjet të gjitha institucioneve. Ata analizojnë dimensionin gjinor edhe në projektin që i fokusohet punës së noterëve, në pjesën e të drejtave pronësore, ku është vërejtur transferim i konsiderueshëm i pronësisë së pronës në dobi të meshkujve.

## ОПШТИНИТЕ ПОТПИШАА МЕМОРАНДУМ ЗА ИЗГРАДБА И САНАЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА

Осумдесет општини и градот Скопје потпишаа меморандум за соработка со Министерството за транспорт и врски (МТВ) за изградба и санација на локални патишта. Станува збор за директна, неповратна помош за единиците на локалната самоуправа, во висина од околу 70 милиони евра, што Владата на РСМ ги обезбеди преку Светска банка, за реализација на проектот „Поврзување со локални патишта". Се предвидува да се рехабилитираат и изградат околу 450 километри локални патишта кои ќе обезбедат поквалитетна патна инфраструктура, олеснета комуникација меѓу населените места, подобар живот за граѓаните и подобрени услови за развој на локалната економија. Општините ќе добијат различна сума на средства, што се движи меѓу 500 илјади евра до два милиони евра, во зависност од критериумите утврдени во методологијата, во која, како поважни се земени: број на жители, број на населени места во општината, број на регистрирани возила во општината и друго, како и во зависност од проектот со кој ќе аплицираат. Секоја општина сама ќе ги распределува средствата, според сопствените приоритети.

Свечениот чин на потпишување беше организиран на 2 март 2020 година, во просториите на Владата на Република Северна Македонија, каде на градоначалниците и претставниците од локалната власт им се обратија: премиерот, Оливер Спасовски; министерот за транспорт и врски, Горан Сугарески; министерката за финансии, Нина Ангеловска и заменичката на претседателот на Владата на РСМ задолжена за економски прашања, Мила Царовска. Во името на сите единици на локалната власт говореше Душица Перишиќ, извршна директорка на ЗЕЛС. Таа посочи дека македонските општини се најсиромашни во Европа и во регионот и дека оваа поддршка за нив е од исклучително значење.

## KOMUNAT NËNSHKRUAN MEMORANDUM PËR NDËRTIM DHE SANIM TË RRUGËVE LOKALE

Tetëdhjetë komuna dhe Qyteti i Shkupit nënshkruan memorandum për bashkëpunim me Ministrinë e Transportit dhe Lidhjeve për ndërtim dhe sanim të rrugëve lokale. Bëhet fjalë për një ndihmë të drejtpërdrejt dhe të pakthyeshme për njësitë e vetëqeverisjes lokale në vlerë prej rreth 70 milionë eurosh, të cilat Qeveria e RMV-së i ka siguruar përmes Bankës Botërore për realizimin e projektit "Lidhja me rrugët lokale". Parashihet të rehabilitohen dhe të ndërtohen rreth 450 kilometrash rrugë lokale të cilat do të sigurojnë një infrastrukturë më cilësore rrugore, komunikim të lehtësuar midis vendbanimeve, jetë më të mirë për qytetarët dhe kushte të përmirësuara për zhvillim të ekonomisë lokale. Komunat do të fitojnë një shumë të ndryshme mjetesh që lëvizet midis 500 mijë eurosh deri në dy milionë euro, varësisht nga kriteret të përcaktuara në metodologjinë, në të cilën si kritere më të rëndësishme janë: numri i banorëve, numri i vendbanimeve në komunë, numri i automjeteve të regjistruara në komunë etj., si dhe varësisht nga projekti me të cilin do të aplikojnë. Secila komunë vetë do t'i shpërndajë mjetet sipas prioriteteve të saja.

Akti solemn i nënshkrimit u organizua më 2 mars 2020 në hapësirat e Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut, ku kryetarëve të komunave dhe përfaqësuesve të pushtetit lokal iu drejtuan: Kryeministri, Oliver Spasovski; Ministri i Transportit dhe Lidhjeve, Goran Sugareski; Ministrja e Financave, Nina Angellovska dhe Zëvendës-Kryetarja e Qeverisë së RMV-së përgjegjëse për çështjet ekonomike, Mila Carovska. Në emër të të gjitha njësive të vetëqeverisjes lokale foli Dushica Perishiq, drejtoreshë ekzekutive e BNJVL-së. Ajo theksoi se komunat në Maqedoni janë më të varfra në Evropë dhe në rajon dhe se kjo mbështetje për to ka një rëndësi të jashtëzakonshme. Përmirësimi

Подобрувањето на патната инфраструктура, како и најавените инвестиции во изградба на водоводи и канализација може да придонесат во обезбедувањето на задоволително ниво на квалитетот на услугите во општините, што е од голема важност и за целата држава. Перишиќ информираше дека ЗЕЛС беше вклучен уште на самиот почетокот на овој проект, кога претставници од Светска банка разговараа со градоначалниците кои изнесоа низа предлози за адекватна реализација, меѓу кои и за распределбата на средствата и кои донекаде се прифатени. На крајот од своето обраќање извршната директорка на ЗЕЛС им посака успех на сите општиниии изрази желба за брза и ефикасна реализација на проектите.

## Секоја општина треба да достави квалитетна проектна документација до МТВ

Министерот за транспорт и врски, Горан Сугарески, го елаборираше проектот, при што посочи и на постапката за негова реализација. Тој истакна дека секоја општина до МТВ доставува проекти што се проверуваат и потоа се доставуваат до банката. За проектите што ги задоволуваат барањата, Министерството спроведува јавна набавка за градежни работи и надзор. Тој информираше дека првиот тендер е доставен до банката на одобрување и штом добие потврда ќе биде објавен. Се работи за санација на улици во општините во вкупна должина од 23 километри и инвестиција од пет милиони евра. Со цел навремено искористување на средствата, Сугаревски упати апел до општините да достават уште квалитетна техничко - проектна документација, иако посочи дека досега голем број на општини имаат доставено проекти. Тој нагласи дека со проектот посебен акцент ќе се стави и на јакнење на капацитетите на општинската администрација преку обуки, работилници, семинари поврзани со управување со локална патна инфраструктура, планирање, финансирање, времено вработување, преквалификација на жени, меѓу кои и од ромската заедница, сè во насока на активности поврзани со транспортот, патната инфраструктура и градежните работи. Проектот ќе заврши до декември 2024 година.

## Поддршка на општините за подготовка на документите и преку „проектна единица“ формирана во рамките на МФ

Премиерот Спасовски посочи дека и со овој проект Владата потврдува дека ќе продолжи со поддршката и јакнењето на локалната власт. Предвидените активности ќе обезбедат подобри услови за рамномерен регионален развој и подобрување на квалитетот на живот на сите граѓани. Вицепремиерката за економски прашања



i infrastrukturës rrugore, si dhe investimet e paralajmëruara për ndërtim të ujësjellësve dhe kanalizimeve mund të kontribuojnë për të siguruar një nivel të kënaqshëm të cilësisë së shërbimeve në komuna, që ka në rëndësi të madhe për të gjithë vendin. Perishiq informoi se BNJVL-ja u përfshi që në vetë fillimin e këtij projekti, kur përfaqësues të Bankës Botërore biseduan me kryetarët e komunave që dhanë një sërë propozimesh për realizim adekuat, ndër të cilat edhe për shpërndarjen e mjeteve dhe të cilat deri diku janë pranuar. Në fund të fjalimit të saj, drejtoresha ekzekutive e BNJVL-së u dëshiroi sukses të gjitha komunave dhe shprehu dëshirë për realizim të shpejtë dhe efikas të të gjitha projekteve.

## Çdo komunë duhet të dërgojë deri te MTL-ja dokumentacion cilësor të projektit

Ministri i Transportit dhe Lidhjeve, Goran Sugareski shqyrtoi projektin, me ç'rast theksoi edhe procedurën e realizimit të tij. Ai theksoi se çdo komunë dërgon projekte deri te Ministria e Transportit dhe Lidhjeve, të cilat kontrollohen dhe pastaj dërgohen deri te Banka. Për projektet të cilat përmbushin kërkesat, Ministria zbaton prokurim publik për punët ndërtimore dhe mbikëqyrje. Ai informoi se tenderi i parë është dërguar deri te Banka për miratim dhe sapo ta marrë konfirmimin do të publikohet. Bëhet fjalë për sanim të rrugëve në komuna me gjatësi totale prej 23 kilometrash dhe investim prej pesë milionë eurosh. Me qëllim të përdorimit me kohë të mjeteve, Sugareski u bëri apel komunave që të dërgojnë dokumentacion edhe më cilësor teknik të projektit, edhe pse theksoi se deri më tani një numër i madh i komunave kanë dërguar projekte. Ai theksoi se me projektin një theks i veçantë do t'i vihet edhe përforcimit të kapaciteteve të administratës komunale përmes trajnimeve, punëtorive, seminareve të lidhura me menaxhimin e infrastrukturës lokale rrugore, planifikimin, financimin, punësimin e përkohshëm, rikualifikimin e grave, ndër të cilat edhe ato të bashkësisë rome, gjithçka në drejtim të aktiviteteve të lidhura me transportin, infrastrukturën rrugore dhe punët ndërtimore. Projekti do të përfundojë deri në muajin dhjetor të vitit 2024.

## Përkrahje për komunat për përgatitje të dokumenteve edhe përmes "njësisë së projekteve" të formuar në kuadër të Ministrisë së Financave

Kryeministri Spasovski theksoi se edhe me këtë projekt Qeveria konfirmon se do të vazhdojë me përkrahjen dhe përforcimin e pushtetit lokal. Aktivitetet e parapara do të sigurojnë kushte më të mira për zhvillimin e barabartë rajonal dhe përmirësimin e cilësisë së jetës së të gjithë qytetarëve. Zëvendës-Kryeministrja e Çështjeve





Мила Царовска, пак, рече дека квалитетната инфраструктура е значајна за развојот на локалната економија и претставува едно од клучните барања и на граѓаните и на бизнис заедницата. Министерката за финансии, Нина Ангеловска, информираше дека во рамките на Министерството за финансии, формирана е проектна единица, која досега обезбедила поддршка при подготовка на проектна документација за 45 општини. Тие ќе може да аплицираат на овој проект или да ги искористат за аплицирање на други меѓународни фондови. Проектната единица го имплементира проектот „За подобрување на општинските услуги" поддржан од Светска Банка, за што биле издвоени 1,1 милион евра, гранд средства за помош при подготовка на документацијата за локални патишта до 3 км. До крајот на март, министерската очекува да биде предадена техничката документација и на останатите општини, односно на вкупно 78 општини, со што ќе бидат изградени или санирани локални патишта со вкупна должина од 270 км. Ангеловска посочи дека заемот за локални патишта е добиен по исклучително поволни услови, со рок на отплата од петнаесет години, со грејс период од пет години и дека проектот е дел од четиригодишната рамка за соработка со Светска Банка со вкупна вредност од 420 милиони евра.

Ekonomike, Mila Carovska, megjithatë, theksoi se infrastruktura cilësore është e rëndësishme për zhvillimin e ekonomisë lokale dhe është një nga kërkesat kryesore edhe të qytetarëve edhe të komunitetit të biznesit. Ministrja e Financave, Nina Angellovska informoi se në kuadër të Ministrisë së Financave është formuar një njësi projektesh për 45 komuna. Ato do të mund të aplikojnë për këtë projekt ose t'i përdorin të njëjtat për të aplikuar për fonde të tjera ndërkombëtare. Njësia e projekteve implementon projektin "Për përmirësim të shërbimeve komunale" të mbështetur nga Banka Botërore, për të cilin janë ndarë 1.1 milionë euro, mjete granti për ndihmë gjatë përgatitjes së dokumentacioneve të projekteve për rrugët lokale me gjatësi deri në 3 km. Deri në fund të muajit mars, ministrja pret të dërgohet dokumentacioni teknik i komunave të tjera, gjegjësisht i gjithsej 78 komunash, me ç'rast do të ndërtohen ose sanohen rrugë lokale me gjatësi totale prej 720 kilometrash. Angellovska theksoi se kredia për rrugët lokale është marrë me kushte jashtëzakonisht të volitshme, me afat të shlyerjes prej 15 vitesh, me grejs periudhë prej pesë vitesh dhe se projekti është pjesë e kornizës katërvjeçare të bashkëpunimit me Bankën Botërore me vlerë totale prej 420 milionë eurosh.

## ЗЕЛС ЌЕ ПРОДОЛЖИ СО ПОДДРШКАТА НА ОПШТИНИТЕ ВО ПРОМОЦИЈА НА ОДРЖЛИВА УРБАНА МОБИЛНОСТ

## BNJVL-JA DO VAZHDOJË ME MBËSHTETJEN E KOMUNAVE NË PROMOVIMIN E MOBILITETIT TË QËNDRUESHËM URBAN

„Поддршка на единиците на локалната власт на Република Северна Македонија во промоција на одржлива урбана мобилност" е проект што минатата година го реализираше ЗЕЛС, во соработка со Германската агенција за меѓународен развој (GIZ). Со овој проект, ЗЕЛС обезбеди добри практики од општините во оваа област што ќе може да ги користат и другите локални власти, овозможи обучување на општинската администрација за процесите на урбано мобилно планирање и создаде база на експерти кои во иднина ќе можат да ги поддржуваат општините во оваа насока. ЗЕЛС ќе продолжи со поддршката на своите членки во оваа област, бидејќи тоа е во полза на локалната власт и истовремено претставува примена на европските конвенции и правила на локално ниво. ***Во таа насока, обезбедено е интервју со ЈУЛИЈА НАГЕЛ, раководителка на GIZ Отворениот регионален фонд за Југоисточна Европа - Енергетска ефикасност.***



"Mbështetje për njësitë e pushtetit lokal të Republikës së Maqedonisë së Veriut në promovimin e mobilitetit të qëndrueshëm urban" është projekti të cilin e realizoi BNJVL-ja vitin e kaluar në bashkëpunim me Agjencinë gjermane për zhvillim ndërkombëtar (GIZ). Me këtë projekt, BNJVL-ja siguroi praktikat e mira të komunave në këtë sferë që do të mund t'i përdorin edhe autoritetet e tjera lokale, mundësoi trajnimin e administratës komunale për proceset e planifikimit mobil urban dhe krijoi një bazë ekspertësh të cilët në të ardhmen do të mund t'i mbështesin komunat në këtë drejtim. BNJVL-ja do të vazhdojë me përkrahjen e anëtareve të saja në këtë sferë, sepse ajo është në dobi të pushtetit lokal dhe njëkohësisht është zbatim i konventave dhe rregullave evropiane në nivel lokal. ***Në këtë drejtim është siguruar një intervistë me JULIJA NAGELL, udhëheqëse e Fondit të Hapur Rajonal të GIZ-it për Evropën Juglindore – Efikasiteti Energjetik.***

**1.Кои земји се опфатени со овој регионален проект?**
Главните градови и здруженијата на општините и градовите на Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора, Северна Македонија и Србија се партнери во регионалниот проект „Одржлива урбана мобилност во земјите од Југоисточна Европа II". Проектот се спроведува во рамките на Отворениот регионален фонд за Југоисточна Европа - Енергетска ефикасност и го спроведува ГИЗ во име на германската Влада.

**2.Кој е фокусот на проектот „Одржлива урбана мобилност во земјите од Југоисточна Европа II"?**
Како дел од Отворениот регионален фонд - енергетската ефикасност на ГИЗ, целта на Проектот е развој на одржливи, енергетски ефикасни и зелени транспортни решенија за градовите од ЈИЕ, со употреба на добри практики од ЕУ/Германија со следење на Стратегијата за енергетика на ЕУ 2030 https://ec.europa.eu/info/energy-climate-change-environment/overall-targets/2030-targets_en, како и целите за одржлив развој на ООН (особено Целта 11 - Одржливи градови и заедници https://sustainabledevelopment.un.org/sdg11).

**3.На кои општини во Република Северна Македонија ГИЗ им даде поддршка во областа на урбаната мобилност?**
Проектот ја поддржа изработката на решенијата за одржлива урбана мобилност за следниве општини: Куманово, Кавадарци, Охрид, Битола, Карпош. Таканареченото решение за одржлива урбана мобилност се подразбира како „лесна верзија" на одржлив план за урбана мобилност, по препорачаните чекори од циклусот на стратешко планирање за градовите кои за прв пат воведуваат интегриран пристап кон одржливо планирање на транспортот. Тој е дизајниран да ги задоволи потребите за мобилност на луѓето и деловните субјекти во градовите и нивната околина за подобар квалитет на живот.

**4.Кои општини во земјава беа поддржани во текот на „Европската недела на мобилност„?**
Проектот го поддржа градот Скопје за време на „Европската недела на мобилност "(ЕНМ) за изработка на видео за споделување и прикажување на разновидните активности за време на кампањата. За време на ЕНМ на регионално ниво, се одржа онлајн конференција на градоначалниците - амбасадори за одржлива урбана мобилност или нивни релевантни претставници за тие да можат да споделат искуства. Препознавањето на напорите на градовите од Западен Балкан во областа на урбаната мобилност е од суштинско значење за понатамошни напори и мотивација на сите клучни луѓе, вклучени во развојот на одржлива урбана мобилност. https://www.facebook.com/ORFEnergyEfficiency/videos/514728519216621/

**Битола и Велес** беа другите поддржани градови во рамките на ЕНМ. Градот Битола организираше неколку активности: Изработка и промоција на пешачка патека; тестирање на функционалност на инсталирање на велосипедска патека на главната улица; промоција на ЗОНА 30; затворање на примарните и секундарните улици на неколку часови во текот на денот и трајно затворање на градскиот плоштад; реконструкција на две паркиралишта за велосипеди. Во текот на ЕНМ, градот Велес спроведе: Едукативна интерактивна работилница за деца од предучилишна возраст, прес-конференција и презентација на општинскиот план за одржлива урбана мобилност; Bike2Night - ноќна велосипедска тура; отворено училиште за велосипеди - бесплатна услуга за велосипеди.

**1.Cilat vende janë përfshirë me këtë projekt rajonal?**
Kryeqytetet dhe shoqatat e komunave dhe qytetet e Shqipërisë, Bosnjës dhe Hercegovinës, Kosovës, Malit të Zi, Maqedonisë së Veriut dhe Serbisë janë partnerë të projektit rajonal "Mobiliteti i qëndrueshëm urban në vendet e Evropës Juglindore II". Projekti zbatohet në kuadër të Fondit të hapur rajonal për Evropën Juglindore – Efikasiteti energjetik dhe e zbaton GIZ-i në emër të Qeverisë gjermane.

**2.Cili është fokusi i projektit "Mobiliteti i qëndrueshëm urban në vendet e Evropës Juglindore II"?**
Si pjesë e Fondit të hapur rajonal – efikasiteti energjetik të GIZ-it, qëllimi i projektit është zhvillimi i zgjidhjeve të qëndrueshme, energjetikisht efikase dhe të gjelbra transportuese për qytetet e EJL-së me përdorim të praktikave të mira të BE-së/Gjermanisë me ndjekje të Strategjisë për energjetikë të BE-së 2030 https://ec.europa.eu/info/energy-climate-change-environment/overall-targets/2030-targets_en, si dhe qëllimet për zhvillim të qëndrueshëm të OKB-së (veçanërisht Qëllimi 11 – Qytete dhe shoqata të qëndrueshme https://sustainabledevelopment.un.org/sdg11).

**3.Cilave komuna në Republikën e Maqedonisë së Veriut GIZ-i u dha mbështetje në sferën e mobilitetit urban?**
Projekti mbështeti përpunimin e zgjidhjeve të mobilitetit të qëndrueshëm urban për këto komuna: Kumanova, Kavadari, Ohri, Manastiri dhe Karposhi. Zgjidhja e ashtuquajtur për mobilitet të qëndrueshëm urban nënkuptohet si "version i lehtë" i planit të qëndrueshëm të mobilitetit urban, sipas hapave të rekomanduar të ciklit të planifikimit strategjik për qytetet të cilat për herë të parë aplikojnë një qasje të integruar drejt planifikimit të qëndrueshëm të transportit. Ai është i dizajnuar për t'i përmbushur nevojat e njerëzve dhe subjekteve afariste për mobilitet në qytetet dhe rrethinën e tyre për cilësi më të mirë të jetës.

**4.Cilat komuna në vend u përkrahën gjatë "Javës evropiane të mobilitetit"?**
Projekti u përkrah nga Qyteti i Shkupit gjatë "Javës evropiane të mobilitetit (JEM)" për hartimin e një videoje për shpërndarje dhe prezantim të aktiviteteve të ndryshme gjatë fushatës. Gjatë JEM-it në nivel rajonal, u mbajt on-line konferencë e kryetarëve të komunave – ambasadorë për mobilitet të qëndrueshëm urban ose përfaqësuesve të tyre relevantë që të mund t'i ndajnë përvojat e tyre. Identifikimi i përpjekjeve të qyteteve të Ballkanit Perëndimor në sferën e mobilitetit të qëndrueshëm urban është thelbësor për përpjekjet e mëtejshme dhe motivim të të gjithë njerëzve kryesorë të përfshirë në zhvillimin e mobilitetit të qëndrueshëm urban. https://www.facebook.com/ORFEnergyEfficiency/videos/514728519216621/

**Manastiri dhe Velesi** ishin qytetet e tjera të mbështetura në kuadër të JEM-it. Manastiri organizoi disa aktivitete: Hartimi dhe promovimi i shtegut të këmbësorëve; Testimi i funksionalitetit të instalimit të shtegut të biçikletave në rrugën kryesore; Promovimi i ZONËS 30; Mbyllja e rrugëve primare dhe sekondare për disa orë gjatë ditës dhe mbyllja e përhershme e sheshit të qytetit; Rindërtimi i dy vendparkimeve të biçikletave. Gjatë JEM-it, Qyteti i Velesit zbatoi: Punëtorinë edukative interaktive për fëmijë të moshës parashkollore; konferencën për shtyp dhe prezantimin e planit komunal të mobilitetit të qëndrueshëm urban; Bike2Night – turnin e natës për çiklistë; Shkollën e hapur për çiklistë – shërbimi falas për çiklistë.

***5.Проектот ги поддржа општините и во пилот-проектите. Кои пилот- проекти беа спроведени?***

ЗЕЛС упати јавен повик до сите заинтересирани општини за поддршка во спроведувањето на пилот- проект. По внимателното избирање на апликациите засновани врз развиени критериуми, ГИЗ преку ЗЕЛС поддржа две општини: Карпош и Охрид.

***6.Какво беше партнерството со ЗЕЛС?***

Сите партнери на проектот имаа добра соработка со ЗЕЛС во текот на спроведувањето на сите активности. ЗЕЛС е професионална и проактивна организација со која секогаш е задоволство да се соработува.

***5.Projekti mbështeti komunat edhe në pilot projektet. Cilat pilot projekte u zbatuan?***

BNJVL-ja adresoi një thirrje publike për të gjithë komunat e interesuara për mbështetje në zbatimin e pilot – projektit. Pas zgjidhjes me kujdes të aplikacioneve në bazë të kritereve të zhvilluara, GIZ-i mbështeti përmes BNJVL-së dy komuna: Karposhi dhe Ohri.

***6.Çfarë ishte partneriteti me BNJVL?***

Të gjithë partnerët e projektit patën bashkëpunim të mirë me BNJVL-në gjatë zbatimit të të gjitha aktiviteteve. BNJVL-ja është një organizatë profesionale dhe proaktive me të cilën çdoherë është kënaqësi të bashkëpunohet.

## ПРИДОБИВКИ ЗА ОПШТИНИТЕ КАРПОШ И ОХРИД ОД ИМПЛЕМЕНТИРАЊЕТО НА SUMP МЕРКИТЕ

За значењето на проектот за локалната власт и за соработката со ЗЕЛС и ГИЗ разговаравме со одговорните лица за имплементирање на проектот, од општините Карпош и Охрид. Овие две општини добија грант во износ од по 7.500,00 евра (бруто) за имплементација на предлог-проектите во кои се превидени мерки и нови пристапи во урбаното планирање и сообраќај на локално ниво (Sustainable urban mobility planning- SUMP).

***Шикалоски Зоран, дипломиран сообраќаен инженер, раководител на Одделението за сообраќај и улици во Општина Охрид:***



**Општина Охрид** има за цел да обезбеди натамошен развој на градот со примена на мерките на одржливо урбано планирање. Општина Охрид учествуваше на јавниот повик на ЗЕЛС и ГИЗ за учество на проектот „Подршка на локалните самоуправи на Република Северна Македонија за промоција на оржливата урбана мобилност". Целта беше да се ублажи значителниот недостаток на паркинзи за велосипеди во градот. Локалната самоуправа ја искористи поддршката и инсталира девет паркинг места во урбаното подрачје на општината, со што се овозможи зголемена употреба на алтернативни начини на транспорт и зајакнување на подвижноста на граѓаните. Понатаму општината продолжува со активности за воспоставување режим на сообраќај во кој приоритет имаат пешаците и велосипедистите; општината изгради нови и реконструира постојни пешачки и велосипедски патеки; организира намалување на вкупниот обем на моторен сообраќај во централното градско подрачје и во стариот дел на градот. Со тоа се очекува граѓаните на Охрид да имаат: квалитетен живот; подобар и побезбеден пешачки и велосипедски сообраќај, јавен градски превоз (ЈГП) и такси превоз; подобрување и проширување на системот за стационарен сообраќај- паркинг зони; зголемување на бројот на зелени зони во општината; подобрување на здравјето на населението. Општина Охрид е член на мрежата ЦИВИТАС.

Со реализација на проектот во пораст е велосипедскиот сообраќај во градот и сите поставени паркинг места за велосипедски сообраќај секојдневно се користат од страна на граѓаните. Во согласност со изработениот „План за активности на одржливата урбана мобилност" се врши планирање на програмските содржини на поголемиот број на програми за работа што ги носи Советот на

## PËRFITIME PËR KOMUNAT KARPOSH DHE OHËR NGA IMPLEMENTIMI I MASAVE SUMP

Për rëndësinë e projektit të pushtetit lokal dhe për bashkëpunimin me BNJVL-në dhe GIZ-in biseduam me personat përgjegjës për implementimin e projektit nga komunat Karposh dhe Ohër. Këto dy komuna morën grant në shumë prej nga 7.500,00 eurosh (bruto) për implementim të draft – projekteve në të cilat janë paraparë masa dhe qasje të reja në planifikimin urban dhe trafik në nivel lokal (Sustainable urban mobility planning- SUMP).

***Shikalloski Zoran, inxhinier i diplomuar i trafikut, udhëheqës i Departamentit të trafikut dhe rrugëve në Komunën e Ohrit:***

**Komuna e Ohrit** ka për qëllim të sigurojë zhvillim të mëtejshëm të qytetit me zbatimin e masave të planifikimit të qëndrueshëm urban. Komuna e Ohrit mori pjesë në thirrjen publike të BNJVL-së dhe GIZ-it për të marrë pjesë në projektin "Përkrahje për vetëqeverisjet lokale të Republikës së Maqedonisë së Veriut për promovimin e mobilitetit të qëndrueshëm urban". Qëllimi ishte të zbutet mungesa e konsiderueshme e parkingjeve për biçikleta në qytet. Vetëqeverisja lokale shfrytëzoi mbështetjen dhe instaloi nëntë vend-parkime në zonën urbane të komunës, me ç'rast u mundësua përdorimi i rritur i mënyrave alternative të transportit dhe përforcimi i lëvizshmërisë së qytetarëve. Pastaj, komuna vazhdon me aktivitete për vendosjen e një regjimi të trafikut me të cilin prioritet kanë këmbësorët dhe çiklistët; ndërtoi shtigje të reja dhe rindërtoi shtigjet ekzistuese për këmbësorë dhe çiklistë; organizoi reduktimin e vëllimit të përgjithshëm të trafikut të automjeteve motorike në zonën qendrore të qytetit dhe në pjesën vjetër të qytetit. Me këtë po pritet që qytetarët e Ohrit të kenë: jetë më cilësore; trafik më të mirë dhe më të sigurt të këmbësorëve dhe çiklistëve; transport publik urban (TPU) dhe transport me taksi; përmirësim dhe zgjerim të sistemit të trafikut stacionar – zona me parkingje; rritje të numrit të zonave të gjelbra në komunë; përmirësim të shëndetit të popullatës. Komuna e Ohrit është anëtar i rrjetit CIVITAS.

Me realizimin e projektit është në rritje trafiku i biçikletave në qytet dhe të gjitha vend-parkimet e vendosura për trafikun e biçikletave përdoren për çdo ditë nga ana e qytetarëve. Në përputhje me "Planin e përpiluar të aktiviteteve të mobilitetit të qëndrueshëm urban" bëhet planifikimi i përmbajtjeve programore të numrit më të madh të programeve të punës që i miraton Këshilli i Komunës së





Општина Охрид. Според Шикалоски, соработката со ЗЕЛС и ГИЗ е на високо ниво и ќе продолжи и во иднина. Општина Охрид ќе продолжи со натамошна примена на мерките за урбана мобилност, со изработка и носење на стратешки документи, имплементација на планот за активности со изградба на нови пешачки и велосипедски патеки, осовременување на ЈГП и секојдневно работење на зголемување на општата безбедност во сообраќајот.



***Љупчо Димов, дипломиран електро инженер, раководител на Одделението за енергетска ефикасност во Општина Карпош:***

Имплементацијата на одржливото урбано планирање на сообраќајот на локално ниво (Sustainable urban mobility planning- SUMP) претставува нов сериозен предизвик за Општина Карпош. Досега се реализирани многу проекти поврзани со обезбедување на обновливите извори на енергија, како и енергетска ефикасност, но ова е нешто ново. Во рамките на проектот, Општината беше фокусирана на поставување на урбана патека, поврзување на два спортски центри, Спортскиот рекреативен центар - Влае и Адреналинскиот парк - Карпош, со реконструирање и проширување на кејот на реката, во вкупна должина од 2км. Со цел да се обезбеди одржливост на употребата на електричните скутери и велосипеди, но и да им се овозможи на граѓаните да ги наполнат своите мобилни телефони, направено е соларно дрво на подрачјето на адреналинскиот парк во Општина Карпош, Набавени се шест електрични скутери, а беше организирана и јавна презентација на Брошурата за план на активности за одржлива урбана мобилност во Општина Карпош. Општината постави и легнати пешачки полицајци и обезбеди субвенционирање на велосипеди и тротинети. Веќе се чувствуваат придобивките што ги добија граѓаните од имплементирање на SUMP мерките, па имаме зголеменото користење на велосипеди и на електрични скутери како превозно средство, зголемена е фреквенцијата на граѓани во Адреналинскиот парк, се зголемува учество на граѓаните на дебати што ги организира општината кога станува збор за обезбедување на сообраќани решенија или зелени зони. Особено е важно што преку овој проект се обезбеди обука за дел од општинската администрација за новините во оваа област; се обезбедија добри практики што сега ние ќе можеме да им ги пренесеме на другите општини; исто така, со имплементирањето на овие мерки на локално ниво, спроведуваме применување на правила од европски конвенции и во нашата земја. При реализација на проектот имавме одлична соработка со ЗЕЛС и со ГИЗ. Предизвици при реализација на проектот имавме во делот на финансиските средства, бидејќи секогаш сакаме со помалку средства да обезбедиме што повеќе за нашите граѓани. Сериозно сме заинтересирани за повеќе нови проекти од оваа област, но и самостојно ќе се трудиме да продолжиме со имплементирање на SUMP мерките, како и со реализација на Локалниот еколошки акционен план (ЛЕАП).

Ohrit. Sipas Shikalloskit, bashkëpunimi me BNJVL dhe GIZ është në nivel të lartë dhe do të vazhdojë edhe në ardhmen. Komuna e Ohrit do të vazhdojë me zbatimin e mëtejshëm të masave të mobilitetit urban, me përpilim dhe miratim të dokumenteve strategjike, implementim të planit të aktiviteteve me ndërtimin e shtigjeve të reja për këmbësorë dhe biçikletë, përmirësim të TPU-së dhe punë të përditshme për rritjen e sigurisë së përgjithshme në trafik.

***Ljupço Dimov, inxhinier i diplomuar i energjetikës, udhëheqës i Departamentit të efikasitetit energjetik në Komunën e Karposhit:***

Implementimi i planifikimit të qëndrueshëm urban të trafikut në nivel lokal (Sustainable urban mobility planning- SUMP) është një sfidë e re serioze për Komunën e Karposhit. Deri më tani janë realizuar shumë projekte të lidhura me sigurimin e burimeve të ripërtëritshme të energjisë, si dhe efikasitetin energjetik, por kjo është diçka e re. Në kuadër të projektit, komuna iu fokusua vendosjes së shtegut urban për lidhje të dy qendrave sportive, Qendra rekreative sportive – Vllae dhe Qendra e adrenalinës – Karposh, me rindërtim dhe zgjerim të shtratit të lumit me gjatësi totale prej 2 km. Me qëllim të sigurohet qëndrueshmëria e përdorimit të skuterëve elektrikë dhe biçikletave, por edhe t'u mundësohet qytetarëve t'i përmbushin telefonat e tyre celularë, është bërë një dru solar në zonën e parkut të adrenalinës në Komunën e Karposhit, janë blerë gjashtë skuterë elektrikë, ndërsa u organizua edhe prezantim publik i broshurës për planin e aktiviteteve të mobilitetit të qëndrueshëm urban në Komunën e Karposhit. Komuna vendosi edhe policë të shtrirë të këmbësorëve dhe siguroi subvencionim të biçikletave dhe trotineteve. Tashmë po ndjehen përfitimet që i fituan qytetarët nga implementimi i masave SUMP, kështu që kemi përdorim të rritur të biçikletave dhe të skuterëve elektrikë si mjet transporti, është rritur lëvizshmëria e qytetarëve në Parkun e adrenalinës, rritet pjesëmarrja e qytetarëve në debatet që i organizon komuna kur bëhet fjalë për sigurimin e zgjidhjeve të trafikut ose zonave të gjelbra. Është sidomos e rëndësishme që përmes këtij projekti sigurohet trajnim për një pjesë të administratës komunale për "risitë" në këtë sferë; u siguruan praktika të mira të cilat ne tani do të mund t'u transferojmë komunave të tjera; gjithashtu me implementimin e këtyre masave në nivel lokal, zbatojmë rregulla të konventave evropiane edhe në vendin tonë. Gjatë realizimit të projektit patën bashkëpunim të shkëlqyeshëm me BNJVL dhe GIZ. Sfida gjatë realizimit të projektit patëm në pjesën e mjeteve financiare, sepse çdoherë dëshirojmë me më pak mjete të sigurojmë sa më shumë për qytetarët tanë. Jemi seriozisht të interesuar për më shumë projekte të reja të kësaj sfere, por edhe do të përpiqemi në mënyrë të pavarur të vazhdojmë me implementimin e masave SUMP, si dhe me realizimin e Planit aksionar ekologjik lokal (PAEL).

## ВО ДЕВЕТ ОПШТИНИ ЌЕ СЕ РЕАЛИЗИРААТ ПРОЕКТИ ШТО ГРАЃАНИТЕ ГИ ИЗБРАА КАКО ПРИОРИТЕТНИ ПРЕКУ СЕСИИТЕ „ФОРУМ ВО ЗАЕДНИЦАТА“

Граѓаните од Брвеница, Могила, Куманово, Желино, Гостивар, Струга, Кочани, Кавадарци и Центар, заедно со претставниците од локаната власт, ги избраа проектите кои ќе се имплементираат во нивните заедници до крајот на септември, оваа година. Предлог - иницијативите на граѓаните за реализација на приоритетни проекти беа дискутирани низ четирите сесии на „форум во заедницата“, одржани во периодот од јуни до ноември 2019 година, во секоја општина. На сесиите се вклучија и граѓанските и младинските организации, бизнис секторот, како и претставниците од образованието и социјалната заштита. За реализација на избраните проекти предвидени се по 50.000 швајцарски франци за секоја од општините од Програмата „Зајакнување на општинските совети“.

Избраните проекти се дизајнирани на начин кој подеднакво ги задоволува потребите на мажите и на жените и на различните етнички групи во општините и истите имаат за цел подобрување на социјалните услуги за најранливите категории граѓани, со фокус на образованието (основни училишта и градинки), на културата и на спортот. Така, во општините Брвеница, Могила, Куманово и Желино ќе бидат реализирани проекти за реконструкција на неколку основни училишта и подобрување на условите за настава. Во општините Гостивар, Струга и Кочани ќе бидат изградени спортско - рекреативни центри, додека, пак, во Општина Кавадарци ќе биде реализиран проект преку кој ќе се подобри безбедноста и партерното уредување во четири градинки. Во Општина Центар, граѓаните дадоа поддршка на проект со кој ќе се воспостават сензорни соби во три градинки, наменети за децата со попреченост, како и отворање на нов младински центар во општината.

Во рамките на оваа програма, при крај е реализацијата на проектите од првите шест општини: Велес, Свети Николе, Валандово, Струмица, Чаир и Охрид, а во следниов период, односно во втората половина од годината, ќе бидат организирани нови сесии на „форум во заедницата“ во нови девет општини. И за овие проекти што ќе бидат избрани од граѓаните како приоритетни ќе биде обезбедена финансиска поддршка од 50.000 швајцарски франци за секоја општина. Форумите во заедниците се составен дел од програмата на Швајцарската агенција за развој и соработка –„Зајакнување на општинските совети“ во 24 општини, со вкупна вредност од 3,4 милиони швајцарски франци која што се спроведува од страна на Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП), во соработка со ЗЕЛС и други национални и локални партнери. Вкупно 1,2 милиони швајцарски франци се определени за мали грантови, наменети за реализација на приоритетни иницијативи во сите 24 општини кои учествуваат во програмата.



## NË DHJETË KOMUNA DO TË REALIZOHEN PROJEKTE TË CILAT I ZGJODHËN QYTETARËT SI PRIORITARE PËRMES SESIONEVE “FORUMI NË BASHKËSI”

Qytetarët e Bërvenicës, Mogillës, Kumanovës, Zhelinës, Gostivarit, Strugës, Koçanit, Kavadarit dhe Qendrës së bashku më përfaqësuesit e pushtetit lokal zgjodhën projektet të cilat do të implementohen në bashkësitë e tyre deri në fund të muajit shtator të këtij viti. Propozim iniciativat e qytetarëve për realizimin e projekteve prioritare u diskutuan nëpër katër sesionet “forumi në bashkësi” që u mbajtën në periudhën prej muajit qershor deri në muajin nëntor të vitit 2019, në çdo komunë. Në sesionet u përfshinë edhe organizatat e qytetarëve dhe ato rinore, sektori i biznesit, si dhe përfaqësuesit e arsimit dhe mbrojtjes sociale. Për realizimin e projekteve të zgjedhura janë paraparë nga 5.000 franga zvicerane për secilën e komunave të programit “Përforcimi i këshillave komunalë”.

Projektet e zgjedhura janë dizajnuar në mënyrë e cila plotëson në mënyrë të barabartë nevojat e meshkujve dhe femrave të grupeve të ndryshme etnike në komuna dhe të njëjtat kanë për qëllim që t’i përmirësojnë shërbimet sociale për kategoritë më të rrezikshme të qytetarëve, me fokus të arsimit (shkollat fillore dhe kopshtet e fëmijëve), të kulturës dhe sportit. Kështu, në komunat Bërvenicë, Mogillë, Kumanovë dhe Zhelinë do të realizohen projekte për rindërtim të disa shkollave fillore dhe përmirësim të kushteve të mësimit. Në komunat Gostivar, Strugë dhe Koçan do të ndërtohen qendra sportive – rekreative, ndërsa në komunën Kavadar do të realizohet projekt përmes të cilit do të përmirësohet sigurimi dhe rregullimi i parterit në katër kopshte fëmijësh. Në komunën Qendër, qytetarët dhanë mbështetjen e tyre për një projekt me të cilin do të vendosen dhoma me sensorë në tri kopshte fëmijësh, të dedikuara për fëmijët me pengesa, si dhe hapja e një qendre të re rinore në komunë.

Në kuadër të këtij programi, para fundi është realizimi i projekteve të gjashtë komunave të para: Velesi, Sveti Nikolle, Vallandova, Strumica, Çairi dhe Ohri, ndërsa në periudhën e ardhshme, gjegjësisht në gjysmën e dytë të vitit do të organizohen sesione të reja të “forumit në bashkësi” në nëntë komuna të reja. Edhe për këto projekte që do të zgjidhen nga ana e qytetarëve si prioritare do të sigurohet mbështetje financiare nga 50.000 franga zvicerane për çdo komunë. Forumet në bashkësi janë pjesë përbërëse e programit të Agjencisë zvicerane për zhvillim dhe bashkëpunim “Përforcimi i këshillave komunalë” në 24 komuna, me vlerë totale prej 3.4 milionë frangash zvicerane që zbatohet nga ana e Programit për Zhvillim të Kombeve të Bashkuara (UNDP) në bashkëpunim me BNJVL dhe partnerë të tjerë kombëtarë dhe lokalë. Gjithsej 1.2 milion franga zvicerane janë përcaktuar për grante të vogla të dedikuara për realizimin e iniciativave prioritare në të gjitha 24 komuna që marrin pjesë në program.



ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË
REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT




**КОНТАКТ ИНФОРМАЦИИ**

тел. +389 (0)2 30 99 033 | факс: +389 (0)2 30 61 994
ул. "Копенхагенска" бр. 5, п. фах 32, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
contact@zels.org.mk | www.zels.org.mk

**INFORMACIONE PËR KONTAKT:**

tel. +389 (0)2 30 99 033 | faks: +389 (0)2 30 61 994
rr. "Kopenhagenska" nr. 5, F.P. 32, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
contact@zels.org.mk | www.zels.org.mk